# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Шеесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија,

одржана на 16 јуни 2004 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата, како и претставниците на Владата , продолжуваме со работа.

Почитувани пратеници, продолжуваме со работа по 67-та седница на Собранието на Република Македонија .

Пратениците Каролина Ристова, Иван Анастасовски, Зоран Шапуриќ, Кенан Хасипи, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Петар Наумовски, Никола Груевски, Орданчо Тасев, Сашко Кедев, Илија Китановски, Али Ахмети, Недим Рамизи, Хусеинџевад Хусеини, Трифун Костовски и Иван Стоиљковиќ ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со 10-та точка, **Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување**

Последен за збор беше г-динот Блаже Стојановски, но тој не е тука. Избришете го ве молам.

Дали некој друг се јавува за збор? (никој)

Бидејќи никој не се јавува за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ги молам пратениците да влезат во салата, да обезбедиме кворум за гласање.

Исто така ги молам и координаторите да се ангажираат, бидејќи ја вличив штоперицата, 10 минути течат.

Ги известувам координаторите дека има уште пет минути да се собере кворумот.

Пратеничката Славица Грковска има процедурално.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Од името на пратеничката група на СДСМ барам 15 минути пауза.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Пауза од 15 минути.

(пауза од 10,10 до 10,40 часот)

(по паузата)

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници.

Почитувани пратеници, кворумот е обезбеден.

Продолжуваме со работа.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 64 пратеника, вкупно гласале 60 пратеника, од кои гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

Преминуваме на 11-та точка - **Предлог на закон за изменување и дополнување на Закоонт за Народна банка на Република Македонија**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеника, 60 гласале за, нема воздржан, нема против.

Во салата се присутни 67 пратеника.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за Народна банка на Република Македонија .

Преминуваме на 12-та точка, но немам претставник од Владата, тоа е Министерството за транспорт и врски.

Преминуваме на 13-та точка од дневниот ред **- Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеника, 58 за, двајца воздржани, нема против.

Во салата се присутни 67 пратеници.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, 63 за, еден воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? ( никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 56 пратеници,  56 гласале за, нема воздржани, нема против.

Во салата се присутни 68  пратеника.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања.

Бидејќи немаме претставник по наредната точка, а тука е министерот за финансии ќе поминеме на 19-та точка .

Повелете г-дине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас се извинувам г-дине претседателе, сметам дека треба да обезбедите претставници од Владата инаку неможеме да одиме по дневниот ред во зависност кој претставник од Владата е тука. Вака, редоследот на дневниот ред испаѓа кој е тука кој не е тука. Ова е крајно несериозно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ја прифаќам сугестијата, ве молам да се обезбедат претставници од Министерството за транспорт и врски.

Бидејќи дневниот ред е утврден , пратениците се подготвуваат по некој дневен ред и тоа го прифаќам како забелешка.

(пристигна претставникот од МНР)

Бидејќи е тука предлагачот за точката 14, ние ќе продолжиме по таа точка.

Преминуваме на 14-та точка од дневниот ред - **Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за компјутерски криминал , со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на зконот.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, обично кога се ратификации не сакам да зборувам, но сосема накратко сакам да истакнам една работа, а тоа е што оваа Конвенција која содржи три главни насоки, а тоа е : Хармонизација на националното законодавство,Прифаќањето на релевантните стандарди и има трета димензија Воспоставување на брз и ефикасен систем за меѓународна соработка.

Се повеќе во денешниот свет компјутерските измами, фалсификати и упади не се случуваат во земјата за која зборуваме или нашата, туку најчесто од странство така што со оваа Конвенција со потпишувањето ние преземаме обврска да формираме тело кое ќе мора да реагира 24 часа , да биде достапно за распоред и распределба на информации со меѓународни и други држави и меѓународни организации.

Тоа сакам да го потенцирам, преземаме сериозна обврска, ова е прва ваква ратификација од областа на спречување на компјутерскиот криминал ,

ратифицирана од 43 земји од Советот на Европа плус Канада, Америка, Јапонија и Јужна Африка и влегуваме во една нова димензија на односи кои мора да ги почитуваме правилата кои постојат во светот.

Уште еднаш ќе нагласам, тука е Министерството за надворешни работи како предлагач, мора да формираме тим кој ќе биде расположив на другите држави за перманентна комуникација, бидејќи реков денес криминалот не познава граници , мислам на компјутерскиот криминал.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали друг бара збор?

Повелете г-дине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Би сакал да напоменам дека овој предлог претставува само ратификација на една Конвенција за компјутерски криминал во Република Македонија, меѓутоа во РМ кривичните дела исклучиво се регулираат со Кривичниот законик така што самото прифаќање на оваа Конвенција не значи ништо без нејзина имплементација во Кривичниот законик.

Ратификација значи прифаќање на стандардите предвидени во оваа Конвенција така што сметам дека треба понатаму да има одредби т.е измени во Кривичниот законик на РМ за да би можела оваа Конвенција да биде употреблива и да има свој ефект. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Трајановски.

Реплика за г-динот Макрадули од три минути.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Она што го имав во дискусијата, но сакав да скратам , сакав да го пофалам Министерството за правда токму дека е во новиот Кривичен законик што го донесовме има посебма глава што се однесува на компјутерскиот криминал и борбата за спречување, откривање и санкции.

Овој дел Министерството за правда го покрило во Законот. Ни фалат други работи и се согласувам со г-динот Трајановски дека многу работи треба да направиме во имплементацијата, но она за кое тој зборуваше е направено и мислам

дека Министерството за правда  го направи првиот чекор, има и во МВР направено некои чекори , па мислам дека и другите институции тоа треба да го следат како едно дообјаснување.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи ниој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за компјутерски криминал.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 66 пратеници, 59 гласале, сите 59 гласале за, нема воздржан , нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 65 пратеници, 60 гласале , сите 60 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам , кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

59 пратеника гласале, 59 гласале за, нема воздржан, нема против,

Во салата се присутни 65 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Конвенцијата за компјутерски криминал.

Преминуваме на 15-та точка од дневниот ред:

**Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорт меѓу Република Макединија  и Романија за меѓусебна правна помош во граѓанските предмети, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Романија за меѓусебна правна помош во граѓанските предмети.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеинци, 57 гласале за, нема воздржан, нема против.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 58 гласале за, нема воздржан, нема против.

Службите нека го констатираат бројот на присутни пратеници во салата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во салата  се присутни 67 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 3.

Отворам претрес по амандманот на член 3 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за надворешни работи.

ФУАД ХАСАНОВИЌ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 67 пратеника, гласале 59, 58 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

Минуваме на точката 16 - **Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Романија за соработка во борбата против тероризмот, организираниот криминал, недозволената трговија со наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори и други нелегални активности, со предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Романија, за соработка во борбата против тероризмот, организираниот криминал, недозволената трговија со наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори и други нелегални активности.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеника, 66 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 61 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеника, 65 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

Преминуваме на точката 17 - **Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Романија за преземање на сопствени државјани и странци, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештатите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Би сакал да искажам една дилема во врска со Ратификацијата на овој договор, практично на Предлог на закон.

Имено, оваа ратификација на договор меѓу Владата на Република Македонија и на Романија за превземање на сопствени државјани и странци. Овде се работи пред се, за економски емигранти, или лица што транзитираат на територијата на државата.

Она што е карактеристично е погрешната употреба, според мене, на терминот сопствени државјани. Тој термин може да доведе до забуна дека општо прифатливо правило во кривичното право е ниедна земја да не испорачува сопствени државјани на друга држава, освен ако не се работи за дела кои се против човештвото и меѓународното право, утврдени со Конвенцијата на ОН.

Сметам дека треба да се интервенира, или барам објаснување од предлагачот во насловот на Договорот, т.е. предлагам наместо да стои “сопсвени државјани”, да стои : “лица кои легално престојуваат на нивната територија “. Вакво нешто, ваков договор е направен, т.е. е склучен и со Унгарија. Значи веќе постојат држави кои што склучиле договор не под вакво име, туку наместо “сопствени државјани”, треба да стои: “лица кои легално претстојуваат на нивните територии”.

Со ова сметам дека во насловот ако се реагира ќе биде усогласено со текстот на оваа Конвенција, или со Предлогот на законот кој што е врз основа на оваа Конвенција. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Романија за преземање на сопствени државјани и странци.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеника, 65 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 60 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеник, 66 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

Минуваме на точката 18 - **Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Унгарската Влада за преземање на лица кои илегално престојуваат на нивните територии, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Унгарската Влада за преземање на лица кои илегално престојуваат на нивните територии.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеника, 65 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеника, 64 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеника, 65 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

Минуваме на точката 19 - **Предлог на завршна сметка на Буџетот на Република Македонија за 2003 година.**

Предлогот на завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2003 година и извештајот на Комисијата за финансирање и буџет Ви се доставени.

Отворам општ претес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Коце Трајановски, процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ барам пауза од 15 минути.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Објавувам пауза од 15 минути

(По паузата седницата продолжи во 11,20 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме по општиот претрес.

Почитувани пратеници, отворам општ претрес по Предлогот на завршна сметка на Буџетот на Република Македонија за 2003 година.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почиуван претседателе, почиуван министер, колеги пратеници,

Дозволете ми како известител на Комисијата за финансирање и буџет да кажам нешто за завршната сметка на Буџетот. Најнапред да кажам дека Комисијата за финансирање и буџет одржа своја седница, го разгледа и исто така го усвои со одредени констатации, кои се приложени кон извештајот. Со буџетот, со завршната сметка на буџетот ни е доставен и извештај на Завршната смекка на буџетот со кој што извештај наведени се кои беа целите на политиката во 2003 година, што од тоа е реализирано, што е направено и така натаму. Со еден табеларен преглед.

Ние на Комисијата констатиравме дека Буџетот за 2003 година помина низ фаза на проектиран буџет, кој што беше усвоен на Собранието и еден ребаланс и спрема ова што е искажано во извештајот на завршната сметка а и спрема табеларниот преглед можат да се видат неколку работи. Така ако одиме по онаа табела за вкупните приходи, од она што е третирано во буџетот кај даночните приходи, може да се види дека реализацијата на даночните приходи за 2003 година, е остварена некаде процентуално 96,5%. Меѓутоа, од ребалансот на она што во Ребалансот беше утврдено, или ако беше проектиран износ во буџетот за 2003 година, од 51 милијарда 819 милиони денари , а со ребалансот сведено на 50 милиони 932 илјади денари , од нив се реализирани 49 милиони денари , што значи дека процентот дека е некаде 96% или значи недостасува околу 4,5% помалку приход од она што е проектирано. Ако сега тргнеме да ги видиме во даночните приходи оние даноци кои што го полнат буџетот во вкупната маса на даночни приходи, еминентно е дека по делот на персоналниот доход има намалување на реализацијата и во делот на данокот на промет, односно на ДДВ. Така да, кај ДДВ имаме пад од 8% на реализација од она што беше зацртано според ребалансот на буџетот. Можеби тој процент е поголем од она што е реализирано, односно проектирано во 2003 година. Тука реализацијата е 92,9% според објаснувањата кои ги имаме во прилог на завршната сметка.

Сега логички се поставува прашањето на што се должи тоа, дали наплатата не оди во оној правец, иако да речеме во најголем дел од законите се такви какви што им правиме измени со цел за подобра наплата , или е во пораст евазијата од неплаќање на данок , или пак станува збор за намалување на субјектите од кои можеме да земаме данок, заради тоа што скоро слушнавме еден податок каде што се поголем број на акционерски друштва се наоѓаат во една таква состојба во која што само слабо работат, туку и воопшто немаат што да работат. Така да, или е проблемот во наплатата , или е проблемот во недисциплината, или епроблемот во самите субјекти. Тоа секако треба да одговори Владата, бидејќиевидентно е дека имаме одреден пат на наплатата на ДДВ .

Инаку ако ги погледнеме сите други стапки , освен делот на акцизите, каде што има зголемување на наплатата, на реализацијата , во 2,6% и делот на данокот на добивка , сите други ставки овде кои се нудат имаме извесно намалувае. Кај неданочните приходи интересна е состојбата во делот на административните такси и казни, значи паричните казни каде што имаме дел на покачување на реализацијата од ребалансот, значи од проектирањето и се на се тоа се движи во една проекција која што од прилика беше утврдена со ребалансот.

Сега ако зборуваме генерално, можеме да констатираме дека не е постигната една од основните цели на буџетската политика во 2003 година, поточно ефикасно и одговорно управување со јавниот долг, односно постигнување на одржливо ниво на незадолженост и стабилизирање на нето долгот на централната државна власт на ниво од 37% бруто домашен производ.

Најнапред би сакал да потсетам дека Владата на ВМРО-ДПМНЕ го намали јавниот долг од 52% од бруто домашниот производ во 1998 година, на 41,3%.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали вие дискутирате како известител или како пратеник.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Се едно кажав и како известител и како пратнеик.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете сега како пратеник.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ

Јас мислам дека тоа не се разликува. Добро ќе зборувам како пратеник.

Како известител кажав за да не се јавувам два пати.

Значи 41,3% од бруто домашниот производ во 2003 година . Ова се извори од ММФ. Ваквиот успех беше направен и покрај тоа што во истиот период кусот на доларот во однос на денарот се зголеми за 54,5 денари, значи од 54 на 58, 6 денари. Во 2003 година надворешниот долг е зголемен од 1571 милион долари на 1771 милион долари, односно за цели 200 милиони долари , или за цели 12,7%.

И покрај тоа и по процент од бруто домашниот производ , јавниот долг е намален за 39,2% од бруто домашниот производ , единствено како резултат на историското намалување на вредноста на доларот во однос на еврото, а со тоа и во однос на денарот од 58,6 денари на крајот на 2002 година на 49,1 денар на крајот на 2003 година. Затоа воопшто неможе да се каже дека е постигнато одржливо намалување на јавниот долг. Напротив, кога за година, две доларот повторно ќе ја зголеми вредноста во однос на еворото и на денарот јавниот долг наго ќе скокне на околу 45% од бруто домашниот производ.

Смешно е да се каже дека беа направени значителни намалувања на капиталните расходи, со цел тие да се сведат на ниво на земјите во транзиција. Македонија далеку заостанува во однос на земјите во транзиција кај капиталните расходи, па затоа доколку сака да ги стигне треба да ги зголеми капиталните расходи, а не да ги намали.

Остварените приходи од ДДВ, како што кажав, беа за 7% пониски од планираните. Притоа, воопшто не држат оправдувањата кои во образложението предлагачот се обидува да ги наметне, а тоа се: неостварената стапка на инфлација и ниското ниво на курсот на доларот.

Прво, остварената инфлација изнесуваше 1,2% наспроти планираната од 3%, а тоа е разлика од 1,8%.

Второ, ДДВ на увозните производи се зголеми за 7% во однос на 2002 година при порастот на увозот за 17%, а разликата може да се објасни со намалување на курсот на доларот за 16%. Значи, проблем не е остварувањето на ДДВ на увозот, туку остварениот ДДВ на домашните производи, кој е намален за цели 10%. Тоа не може да се објасни со намалувањето на курсот на доларот. Значи, единствена причина за потфрлувањето на ДДВ во 2003 година е растот на сивата економија и даночната евазија. Ова го потврдува и потфрлувањето на акцизите кај тутунските преработки за 4%. Потрошувачката на цигари е стабилна и во никој

случај не е намалена, само зголемениот шверц на цигари може да биде причина за намалување на приходите од акцизи на тутунските преработки.

На зголемувањето на сивата економија шверцот и корупцијата во 2003 година упатува и потфрлувањето на приходите од царината за 7%. Ако курсот на доларот во однос на денарот се намалил за 16%, што значи за колку процентот се намали денарската основа за ДДВ, но истовремено оствареniот увоз беше за 13% повисок од планираниот, според податоци за платниот биланс од ММФ и Народна Банка на Република Македонија, тогаш приходите од царини не може да се намалат за 7%. Останува непријатно чувство дека Владата ги оштети обичните граѓани со зголемување на даночните стапки и ДДВ за да им овозможи даночна евазија и шверц на некои привилегирани свои луѓе. За колку - толку да ги компензира загубените даночни приходи, Владата склучи дил со Телеком, тој да исплати дивиденда од 1,1 милијарда денари, иако со договорот беше предвидено добивката во првите неколку години да се инвестира. Со ваквиот дил Владата му овозможи на Телеком да го прекрши договорот во делот на инвестициите, а истовремено му овозможи на МАТАВ и тој да си земе дивиденда и со тоа да ги намали девизните резерви на земјата. И покрај се, вкупните приходи беа за цели 2 милијарди денари пониски од планираните.

Што можеме да заклучиме од анализата на буџетските приходи во 2003 година. Овозможувајќи зголемување на сивата економија и шверцот, Владата ги намали инвестициите и девизните резерви на земјата. Затоа, воопшто не треба да изненадува падот на индустриското производство од 25% во првите 4 месеци на оваа година. Тоа е резултат на она што го сработи Владата во 2003 година.

Но да преминеме на анализа на расходите. Таму има уше интересни факти за економската политика на Владата. Секако, најкарактеристично е намалувањето на капиталните расходи од Буџетот. Ако во 2001 и 2002 година, и покрај неповолните безбедносни услови, Владата на ВМРО-ДПМНЕ започна да се доближува кон направените транзициони економии зголемувајќи ги капиталните расходи на 3,4% од бруто домашниот производ, оваа Влада планираше да ги намали на 2,4% од бруто домашниот производ. Но на крајот беа остварени само капитални расходи од 2% од бруто домашниот производ. Безмалку, преполовени се капиталните инвестиции. Дали е тоа добро или лошо, нека проценат граѓаните. Јас само ќе потсетам дека не беше реализиран проектот за санација на јеловиштето кај рудникот Саса, па затоа ни се случи еколошка катастрофа - ова колку за

потсетување. Штедејќи ги капиталните инвестиции, Владата направи поголеми непродуктивни трошоци за санација на штетите.

Конечно, да се осврнам на дефицитот. Остварениот дефицит е за 25,5% понизок од планираниот. Зарем оваа Влада мисли дека тоа е за фалење. Дефицитот во централниот буџет го намаливте за 5,3%, значи од 5,3% на 1,1% само за една година. Ваква работа не направила ниту една земја во светот. Хрватска и Албанија со години имаат буџетски дефицит од 5 до 10% на бруто домашниот производ, па не им паѓа на памет да го намалат за една година. Сетете се само на Германија и Франција кои по цена на раздорот во Европската унија не прифатија да го намалат буџетскиот дефицит од 4% на 3% само една година, туку се обврзаа дека тоа ќе го направат на среден рок. Тие се свесни дека таквата политика би предизвикала рецесија во нивните економии. Оваа Влада во 2003 година предизвика страшна контракција на фискалната политика, која неминовно предизвикува рецесија во политиката. Такво нешто може да направи само некој кој веројатно слабо се разбира од економијата. Затоа, воопшто не е за чудење што индустриското производство паѓа 5 месеци по ред и тоа од декември до април 2004 година, а во првите 4 месеци е намалено за 25% во однос на истиот од минатата година. Тоа е последица на економската политика во 2003 година, исто како што растот од 3% во 2003 година беше резултат на она што го сработи Владата на ВМРО-ДПМНЕ. Ќе ве потсетам дека растот во 2003 година беше резултат на ФЕНИ, СИЛМАК и ОКТА кои ние ги продадовме на странските стратешки инвеститори, на текстилните фабрики кои се отворија во пограничниот регион со Грција за време на нашето владеење и на забрзаното градежништво кое доживеа експанзија за време на владеењето на нашата Влада и на земјоделството на кое му дадовме надеж. Сите тие позитивни движења во економијата кои Ви ги оставивме успеавте да ги запрете - мислам на Владата. Поради тоа, оваа Влада не само што нема да го оствари планираниот економски раст од 4%, туку според последните статистички податоци треба да биде среќна ако годината ја заврши со нулта стапка на економскиот раст.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Има збор министерот за финансии Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Почитувани пратеници, почитуван претседателе,

Со внимание го слушав излагањето на претседателот на Комисијата за финансирање и буџет и како што самиот кажа, забелешките се негови лични или на неговата пратеничка група, сеедно. Јас ќе се обидам да се апстрахирам од заклучоците кои се носат врз основа на размислувањата, затоа што секој од нас има политичко право, на крајот на краиштата, ова е Собрание, да носи заклужоци за економскиот или политичкиот развој на земјата.

Меѓутоа, она што сакам да го демантирам, односно да го укажам во ова мое кратко обраќање се однесува на неточностите или погрешните информации со кои се настапи или погрешно се толкуваа и врз основа на тоа може да се стекне погрешна слика. Ќе се обидам само со факти да ги соопштам.

Исто така, однапред можам да кажам дека сум уверен дека тоа што ќе го кажам до некого нема да допре, па затоа однапред кажувам за тоа што сега ќе го кажам стојам и врз основа на тоа нема да реплицирам и понатаму, ако и натаму се продолжи за тоа што ќе го кажам да се кажува дека тоа не е така. Затоа што претпоставувам како министер за финансии знам што зборувам во Собранието на Република Македонија.

Прво, беше изнесена констатација дека во 2003 година има даночна евазија и дека таа расте и врз основа на тоа расте и сивата економија. Даночните приходи во 2003 година се повисоки од 2002 година, ако го исклучиме ефектот на т.н. воен данок односно Законот за данок на финансиски трансакции, кој остана во текот на цела 2002 година и имаше ефект од 6 милијарди денари оптоварување врз граѓаните и правните субјекти иако, како што знаеме сите, војната заврши во септември 2001 година. Ако го исклучиме тој ефект на воведен данок, кој е укинат во 2003 година - и веднаш да кажам дека тука ќе ни се соопшти дека во реплика дека не е укинат во 2003, туку тој природно во 2003 година престанал, веднаш да кажам дека природно тој три пати престануваше во текот на 2001 и 2002 година, меѓутоа, природно тогашното Министерство за финансии и Владата и пратеничкиот состав на Собранието го прогласуваа уште 6 односно уште 12 месеци да трае и понатаму. Со таква политика никогаш не сте сигурни дали завршува или не некој закон, постојано кога доаѓа рокот на завршување, го продолжувате. Ако ги исклучиме тие ефекти, кои беа поинкавни услови и причини за воведувањето, тогаш даночните приходи се повисоки и врз основа на тоа не можеме да донесеме заклучок дека имало даночна евазија и зголемување на евазијата односно на сивата економија.

Вкупните даночни приходи, односно прво вкупните приходи на Буџетот за 2003 година се 1,4% поголеми од планираното за 2003 година. Значи, кога

зборуваме за буџетот, треба на сите да ни биде јасно и мислам дека тоа никој не го оспорува дека имаме и даночни и неданочни приходи е дека буџетот е еден сложен механизам на финансирање на државата во кој приходите се во разни основи. Тоа што за нас е битно е и вкупното, и даночното и не даночното. За волја на вистината, во однос на планираното вкупниот буџет е натфрлен за 1,4% и јас како министер за финансии ниту сакам да се помисли дека со тоа сакам да стекнам некаква предност или условно кажано фалење дека имаме повисокит приходи од планираното. Јас би бил најсреќен кога ние би имале приходи во рамките на планираните, ни повеќе ни помалку од тоа. Само приватно претпријатие или правно лице кое се бави со цел да стекне профит би било срећно за зголемените приходи. Ние би сакале да ги имаме на ниво на расходите кои сме ги планирале, а тоа е нула.

Меѓутоа, во ниедна држава во светот не можете да испланирате точно до процент колку ќе соберете и колку ќе потрошите. Остварените приходи од 1,4% над нивото ги цениме во доменот на успешното планирање на макро економската политика и на буџетската политика во 2003 година. Во тие рамки, беше посочено дека 4,5% даночните приходи се потфрлени, се надевам дека господинот Караџоски направи лапсуз затоа што 96,6 кога ќе се извади од 100 е 3,4, не е 4,5, меѓутоа, тоа го сметам за лапсус, да не се разбереме погрешно. Вкупните даночни приходи кои се еден дел од приходите се само 3,4% помали и тие, ако ги гледаме кај главните видови на приходи на буџетот, кај ДДВ, кај акцизите, кај персоналниот данок и данокот на добивка и кај царинските давачки имаат во една варијабла од плус 2 - 3 до минус 2 - 3, зависно од секој поединечно, а кај ДДВ имаме поголемо намалување од просекот.

Меѓутоа, исто така, да потсетам нешто. Тоа не е намалување во однос на 2002 година, туку е намалување само во однос на проекцијата. Значи, не се работи за тоа колку било 2001, 2002 и 2003 година, туку се работи за тоа колку сме предвиделе и колку сме оствариле во 2003 година. На пример, кај другите даночни давачки имаме зголемување од 2-3% плус.

Веднаш да кажам дека, иако тој аргумент очигледно не може односно не се сака да се прифати, не мора да се прифати, меѓутоа, јас сум должен да го кажам тоа што е факт. Кога се планира буџетот, двата основни индикатори или трите основни индикатори врз основа на кои се планираат ставките, се: растот на економијата кој носи раст на приходите по даночна основа; стапката на инфлација која неминално ги зголемува приходите - ние овде зборуваме за номинални вредности или исто така ако дојде до големо нарушување во интервалутарните

односи, затоа што Македонија е упатена на сериозна размена на својот бруто домашен производ со светот.

Во 2003 година, за волја на вистината, имаме исклучително добри економски движења и човек не треба многу да размислува, совршено е јасно, ако имате развој од 3,2% колку што е финалниот процент во 2003 година и ако имате инфлациона стапка мерена преку трошоците на живот, што е меѓународен стандард од 1%, ако имате буџетски дефицит на ниво од 1% од бруто домашниот производ, вие имате добра финансиска позиција.

Македонија има структурни проблеми, тоа никој не го негира, меѓутоа, сега разговараме за буџетската државна сметка и таа зависи од овие фактори. Ако сте планирале ДДВ да се зголеми номинално само по основ на инфлација од 3%, за 3% и ако инфлацијата сте ја задржале на нивото од 1% наместо 3%, тогаш совршено е јасно дека по тој основ ќе имате намалување на тој и другите даноци по 2% номинално, затоа што стапката на инфлациија е под проектираната.

Господинот Караџоски кажа и тоа е факт дека приходите зависат и од некои други движења, особено приходите што се наплатуваат по основа на царини, ДДВ, акцизи, при влезот во Република Македонија, а тоа се огромни износи. Во 2003 година имаше турбулентно меѓународно движење на доларот, чија вредност се намали дури за 20%. При увозот во Македонија надворешната трговија во доларското подрачје, значи увоз-извоз кој се плаќа во долари, е на нивото околу 32 - 33 до 36% во последниве две години. Значи една третина од меѓународната размена, вклучувајќи го и увозот се одвива со вредности кои биле планирани на ниво на вредноста на доларот од 2002 година, која ние или некој друг не сме можеле да ја предвидиме, над 60 денари, а во текот на 2003 година размената по курсот на доларот се одвиваше по клизна скала надолу, која заврши во декември минатата година со вредност на доларот од 50 денари. Значи, при секој увоз некој што увезува во долари вие му наплатувате царина и врз основа на тоа и давачките по основ на ДДВ на еден долар, не на 60 денари, туку на 50 денари и ако имате ставка од 20%, наместо 12 денари, ќе наплатите 10 денари и тоа е намалување за 20% заради намалување на вредноста на доларот.

Малку поекстензивно за ова објаснував, затоа што дури и во јавноста за ова има недоумици, што особено ме чуди дури и кај стручната јавност, дури и кај универзитетски професори што всушност се случува со тоа движење. Тие ефекти, помала инфлација и помал курс на доларот слијаат на некои од даноците, особено на данокот на промет каде надворешно - трговскиот промет се изразува во голем

дел. Ако ги гледате приходите од евро зоната, која остана стабилна заради нашата врзаност со еврото како определба на оваа држава, тогаш ќе видите дека тие приходи во однос на еврото во трговијата немаат драстични осцилации. Тој ефект, за волја на вистината не е само ефект на Република Македонија во 2003 година. Тоа е ефект на сите држави во светот онолку колку што се врзани во својата трговија со доларот. Колку поголема доларизација има една економија, такви ефекти ќе почувствува. Колку помала доларизација во својата надворешно-трговска размена, толку помали ефекти. Меѓутоа, сепак од аспект на Република Македонија тоа мораме да го сметаме за висмаер, за виша сиал на која не можеме никако да влијаеме.

Исто така, сакам по тој основ да укажам уште на два податоци кои беа неточно изнесени во врска со јавниот долг и надворешниот долг. Прво сакам да укажам на фактот дека нив не можеме да ги мешаме и дека можеме да разговараме за двата поединечно, затоа што мислам дека беа непрецизно изнесени податоците, така што се направи забуна за јавниот долг односно надворешниот долг. Надворешниот долг на Македонија е една позиција, јавниот долг е надворешниот долг плус внатрешниот долг на Република Македонија.

Сега ќе го кажам тоа што двапати го повторувам во Собранието, меѓутоа очигледно дека ..., нема да реплицирам на тоа.

Надворешнито долг на Република Македонија во 2003 и 2004 година има надолна линија на движење. Погрешни се заклучоците кои се изготвуваат за нивото на надворешниот деолг врз основа на доларската статистика. Во цел свет заради меѓународна компатарабилност на податоците во рамки на Обединетите нации и нејзините институции, како што се ММФ, Светска банка, Меѓународна статистика, тие податоци се изразуваат во долари. Нашиот надворешен долг изразен во долари ако го гледате само до тука расте, затоа што расте доларот. Ако сте имале една милијарда евра, тоа било и една милијарда долари надворешен долг. Во текот на 2003 година курсот на доларот падна за 20% во однос на еврото и вие само во долари претворено можете да сметате надворешниот долг да се зголеми за 200 милијони долари, што е апсолутно неточно. Ако ги пресметате во евра ќе добиете иста позиција. Ако ги пресметате и во денари, со оглед на стабилниот денар ќе добиете иста позиција, меѓутоа тоа не е доволно. Ништо не значи дали една државаим а1, 2, 5 или 100 милијарди надворешен долг. Зависи само колку е економската моќ на земјата во однос на тој долг и тоа е единствениот показател за кој г. Караџоски ја вршеше компарацијата. Тој показател во Република Македонија

надворешниот долг во однос на бруто домашниот производ има надолна стапка од 40 на 37 и јас ве уверувам дека оваа година ќе задржиме исто така надолна стапка односно надворешниот долг се намалува. Во јавноста беа изнесени и од Универзитетската јавност некои податоци на апсолутните бројки, кои апсолутно се неточни и невозможни, ниту пак некој во светот на тоа ниво ги калкулира. Битно е колку нашиот бруто домашен производ, пропорцијата е на надворешниот долг. Таа пропорција опаѓа односно се помал дел од нашиот бруто домашен производ служи за отплаќање на надворешниот долг односно на нивото на долгот.

Дури ќе направиме уште една компарација , која е прилично апсурдна. И на минатата седница г.Георгиевски како поранешен премиер и сега повторно, па дури и г. Груевскикако поранешен минситер за финансии употребуваа синтагми дека за една година 300 милиони долари пораснал нашиот надворешен долг. Јас би посочил на следново. Согласно законите на оваа Република надворешно задолжување или гаранција по андворешно задолжување на некои од субјектите во Република Македонија може да даде само Собранието на Република Македонија. Извадете ги дневните редови за 2003 година, соберете ги сите закони со кои сме дале гаранција или со кои сме се задолжиле надвор, и тоа се случува, тие служат за отплаќање на старито долг, соберете дали имаме 300 милиони вкупно, а не да имаме минус салдото што ние го отплаќаме. За да зголемиме за 300 милиони ние сме требале тие 100, 200 што ги отплаќаме да ги задолжиме наново и иште 300 нови. Тоа значи дека Собранието во минатата година 400 милиони долари требало да помине закони за задолжување или гаранции ,што апсолутно е јасно ако ја вратите само малку меморијата.

Не можеме работите да ги симплифицираме на начин кој нас ни одговара. Особено сум зачуден штопоранешниот премиер и поранешниот минситер за финансии во една претходна прилика ја користеја истата методологија, за едниот сум убеден дека можеби не ја знае, меѓутоа за другиот сум уверен дека ја знае, меѓутоа сака со неа да манипулира. Значи, заклучувам дкеа надворешниот долг на Република Македонија не се зголемвуа. Владата на Република Македонија со својата макроекономска политика во 2003 година, а и со макроекономската политика во 2004 година која ја презентираше на ова Собрание има своја определба-да ја држи Македонија да биде држава под нивото на средно задолжена држава во светската класификација. Таа класификација е 40% од бруто домашниот производ. Ако го надминува надворешниот долг вие ја напуштате постапно границата на средно задолжена земја. Нашата земја е сеуште средно задолжена со оглед дека

наследивме во 2002 година некаде околу 40 и нешто посто задолженост, ние сме сега испод  неа, го имаме намалувачкиот тренд и ние ќе останеме во зоната на средно задолжени држави. Ако се точни податоците, или предвидувањата кои тука во неколку наврати беа изнесени дека ние одиме нагоре, а сме почнале 2002 година, зборувам за оваа Влада од 40 сега влегуваме во зоната на високо задолжени држави, што очигледно не е така, затоа што ниту сем класифицирани во Светска банка и ММФ во класифиакцијата на високо задолжени земји. Значи, ние сме средно задолжена држава која во 2003 и 2004 година има тренд на опаѓање на надворешната задолженост.

Владата на Република Македонија исто така има  своја макроекономска политиак со која се обврза вкупниот јавен долг на кој ќе го додадеме и внатрешниот долг нема да дозволи да се движи над 60% од  бруто домашниот производ. Разликата помеѓу двата е внатрешната задолженост на Република Македонија. Внатрешната задолженост на Република Македонија ние исто така ја менаџираме и таа најголем свој бум доживеа во 2001, 2002 година. Во иднина ние ќе водиме политика на вкупниот јавен долг кој сега е испод 60% од бруто домашниот производ и испод 40% да биде надворешната задолженост да направиме внатрешна, структурна промена односно се повеќе во јавниот долг да имаме внатрешно задолжување, а се помалку надворешно задолжување. Кога државата се задолжува не е ништо страшно, се повеќе ќе се задолжува внатрешно со цел во рамките на тие 60% и износот на надворешнито долг постапно да го намалуваме на сметка на внатрешниот долг. Една од тие политики е емисијата на државни обврзници и записи кои оваа година како тромесечни ги стартувавме и наместо за потреби на државата да се задолжуваме во странство ние се задолжуваме кај сопствените банки, приватни лица, физички лица и правни лица со обврзници и тоа од сите, вклучувајки ги и меѓународните. Ние се доведовме во позиција, за жал во државата  ни една политика да не можеме да ја оцениме дали е добра или не доколку немаме аргумент дека меѓународните финансиски инситуции тоа го ценат како добро. Да го искористам и тој аргумент. Го ценат сите како добро, и Евроспката унија и ММФ и Светската банка, меѓутоа верувајте дека тоа нас треба да низначи само како однос дека нашата проценка и нашит еуверувања се дека е тоа политика во вистински правец. Ние и по тој основ ќе направиме три вида на полиитка по однос на јавниот долг и сите ќе бидат со позитивен предзнак.

Го намалуваме надворешниот долг.

Го држиме вкупниот долг испод 60, а во рамки на тие 60 ќе нарпавиме структура која се повеќе ќе биде домашно задолжување, попат на домашни обврзници, отколку странски по пат на емитувања на девизни обврзници иликласични кредити и заеми кои ги има Република Македонија.

Во тој однос ве уверувам сите пратеници, дури и јавноста дека Македонија сега се наоѓа на добар пат по однос на менаџирањето и управвуањето со јавниот долг и дека состојбата секојдневно се подобрува по тој основ.

Зошто внатрешниот долг стигна, плус на надворешниот некаде испод 60%?

Затоа што во 2000, 2001, па понатаму како резултат на тоа и 2002 и 2003 година, па и 2004 година ние имаме голема емисија на домашен долг, кој не велиме дека е непотребен. Јас лично сум го гласал како пратеник, седев на истото место каде што сега седи Караџоски. Сум го гласал заедно со него нашето домашно задолжување. Кога гласавме за емисија на обврзници со каматна стапка од 2% на домашното девизно штедење кое пропадна во системот на екс Југославија ние практично државата ја задолживме дополнително за една милијарда, колку што беше тогашната девизна заштеда во екс Југославија. Тоа е сега домашен јавен долг. Ние секоја година во рати кои се предвидени отплаќаме кон домашните граѓани средства кои се на ниво од неколку милијарди годишно за да ги отплатиме обврзниците по старото девизно штедење. Тоа е јавен долг внатрешен.

Се емитуваше обврзница прва за денационализација, која во 2002 година беше 2 милиони евра, меѓутоа како тече процесот на денационализација нивото на обврзници се зголемува.

Да кажам уште нешто што во јавноста има погрешен пристап.

Политиката на денационализација што ја води оваа Влада е запрена. Не е запрена, еве ги податоците. 2002 година е емитувана обврзница за 2 милиони евра, толку се извршило денационализација во обештетување. 2003 година, тоа е година на оваа Влада, 32 милиони или 37, а 2004 година емитувавме 47 милиони обврзница. Тоа е домашно задолжување по основ на денационализација. И во 2005 година ќе емитуваме исто. Процесите сега се завршуваат со денационализација. Кога ќе ги соберете сите заедно ќе ја надмине сумата од 100 милиони евра, кое е домашно задолжување по пат на издавање на обврзници. Буџетот исто така како што отплаќа надворешен долг ќе отплаќа домашен долг за девизно штедење и т.н.

Исто така, минатата Влада и овој Парламент донесе закон за повторна санација на Стопанска банка при процесот на нејзина приватизација, и издаде на странскиот инвеститор обврзница од 250 милиони германски марки во тоа време.

Тоа се десет годишни рати и секоја година нас ни пристига ценатa. Ние си исплаќаме  една дестина од таа обврзница на Стопанска банка на странскиот партнер. Сето тоа го зголемува внатрешното задолжување. Сега можеме долго да зборуваме за тоа, да влеземе и во процесот на краткорочните државни записи што сега ги издаваме, као таа рочност ќе премине на шестомесечна, евентуално на девето, како меѓу чекот, ако не тогаш на дванаесетмесечна, а можеби понатаму и подолгорочна од  дванаесетомесечна, точно за целите помеѓу другото и на овој закон што денеска го изгласавме  на почетокот на заседанито за капитално фиансирано пензиско осигурување,  вториот столб. Значи по тој основ ќе имаме дополнително внатрешно задолжување кај јавниот долг што ќе го намали процентот на надворешното во едне дел. Така што таа политика не би ја оценил јас за неуспешна, напротив, имаме политика на добар пат и успешна. Се разбира, тука спектакуларни движења нема. Ако успеваме ние годишно за еден или два посто да го намалуваме надворешниот долг на Република Македонија, 1 до 2% во однос на бруто домашниот производ 37,па 36 па 35 и т.н., да се сторат услови и побрзо да се оди тоа е добро. Нашата примарна цел е тој да не се зголемува туку да се намалува. Сега за сега таа политика дава резултати.

Движењата во 2003 година во однос на 2002 година се добри. Ние имаме раст на бруто домашниот производ кој после 2 годишна класифиакција и паѓање кои вкупно беа околу 4%, ние имавме раст од 3,2%, имавме драстично намалување на буџетскиот дефицит кој достигна некаде ниво од над 5% во 2002 година, го сведовме на 1%, во 2004 година Буџетот се усвои со 0,9%. Можеби тој ќе доживее некои благи промени, меѓутоа ќе варира околу 1, сосема мали измени, што сосема не е битно, а фискалнатастратегија што ја усвои Владата на Република Македонија како сопствена надлежност предвидува во идните 3 години 2005, 2006 и 2007 година буџетскиот дефицит на централниот буџет да се задржи и понатаму да варира околу 1% од  бруто домашниот производ, што е апсолутно ниско и прифатливо на ниво на буџетски дефицит за нас. Македонија има потенцијали да го зголеми буџетскиот дефицит и тоа д ане биде на штета на никого дополнително. Ние можеме депозитите да ги искористуваме, меѓутоа нашата Влада цени дека не треба да креираме поголема потрошувачка отколку тоа што се создава со џидипи по пат на користење на депозитите и на тој начин да ја зголемуваме јавната потрошувачка на централниот буџет. Од повеќе причини.

Прво, еднаш мора да се научиме дека ќе трошиме толку колку што создаваме.

Второ, сакале или не мора постапно да се прилагодуваме на стандардите кои ќе владеат во Европската унија, или кои сега владеат, затоа што ние нема да можеме без последици и без да платиме повисока цена да одиме со буџетски дефицит од 4 или 5% и т.н. И после одеднаш да ги сведеме на 1. Тогаш ќе настанат потреси во јавната потрошувачка. Некои намени ќе ги исклучиме затоа ќе има последици и некои други расходи во државата ќе треба веднаш да ги намалуваме.

Господинот Караџоски е во право. Има некои држави со поголем дефицит. Тие сеуШте живеат или на товар на минатите генерации користејќи ги депозитите, или на товар на идните генерации создавајки внатрешен или надворешен долг. Нашата политика е во основа да живееме на товарот на самите себе си.

Второ, нашето прилагодување кон ЕУ да биде побезболно. Јас се согласувам дека во ЕУ има држави со поголем дефицит од зацртаниот , меѓутоа во сите меѓународни организации каде што ние бараме членство важат стандардите за новопримените целосно, а со постојните членови процес на прилагодување. И во Советот на Европа кога влеговме ни кажаа дека овие се обврзни конвенции и треба да ги ратификувате, а тие се ратификувани само од 5 држави од постојните 30 во Советот на Европа. На нашето прашање зошто ние , ни рекоа извинете ние сме го основале Советот на Европа, во моментот кога се зачленивме сме ги исполниле условите, новите услови постапно. Ако вие сакате да влезете условите треба да ги имате. Така и ние влезот во ЕУ , тоа ќе го надмине мандатот на оваа Влада, тоа што јас како минситер за финансии би сакал да верувам и да се надевам е дека нема да дојде до некоја друга Влада до пореметувања кои патот кон ЕУ ќе го направат или невозможен или ќе го направат исклучително тежок за одредени слоеви на граѓаните или за сите.

Второ, дел од фискалната политика во 2003 година се должи на фактот, па дури и на одлуките на ова Собрание да ја поткрепува позицијата и на монетарната власт за задржување на ниска инфлација и стабилен курс на денарот. Фискалната и буџетската политика во голема мера ги остварува и тие цели. Со големи дефицити во фискалната сфера ние ќе и одмогнеме на монетарната политика и таа ќе има мака за да ги задржи неколку агрегати кои сите ние сме се договориле дека треба да останат, на пример на курсот, на истата инфлација и она што е особено важно девизните резерви.

Беше кажано дека девизните резерви се намалуваат. Сметам дека тоа може да биде лош сигнал до јавноста и до оние кои имаат девизни трансакции и да помислат дека тоа е вистина и да помсилат дкеа врз основа на тоа сега треба што

повеќе девизи да се повлеквуаат на сопствените сметки. Не е точно, девизните резерви на Република Македонија се добри. Тие се на нивото на проектираните и на планираните кои овој Парламент ги подобри, а тоа е  четири месечен увоз на Република Македонија од минатиот период. Значи апсолутно не треба , па дури и како опозициска дискусија да внесуваме заблуда во јавноста дека девизните резерви ни опаѓаат. Напротив девизните резерви се стабилни, тие се на ниво проектираните по меѓународна методологија - четиримесечен увоз и на тоа ниво се одржуваат без поголеми проблеми.

Значи, тие се одржуваат. Беа изнесени и други констатации. За нив нема да дискутирам затоа што секој од нас има политичко право во Парламентот да си донесе различен заклучок врз основа на податоци.

Меѓутоа, се обидов да кажам само тоа што е вон од реалните податоци и се надевам дека ќе издржам на тоа што го ветив, дека нема да реплицирам за ова за што веќе кажав. И ако е кажано поинаку, сметајте дека сум реплицирал и дека сум го потврдил истово со цела одговорност.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Јас не би го крстил ова реплика, туку би го користел само деловничкото право на реплика од три минути. Прво, ме радува тоа што, ако ништо друго постигнав ефект господинот министер пошироко да образложи. Инаку, можеби така ќе поминеше завршната сметка без некоја посебна дискусија. Инаку, ме радува тоа што имаше едно пошироко образложение за мене, а можеби на некои други пратеници да им биде појасно.

Сега би се задржал само на неколку работи. Министерот кажа дека даночните приходи во 2003 година, растат во однос на 2002 година. Меѓутоа, тука се заборава еден податок дека во 2003 година, ние имаме зголемување на даночната стапка на ДДВ од 5% на 18% и намалување од 19% на 18% кое што нормално е да продуцира зголемени даночни приходи. За воениот данок мора да бидеме прецизни, значи не е укинат, му престана времето, беше данок кој имаше одреден рок на траење и тој престана. И факт е дека оваа Влада не го продолжи тој рок. Меѓутоа, кога се зборува така треба да се кажува, а не дека е укинат. Јас исто кажав дека вкупните приходи имаат покачување  меѓутоа зборував за даночните приходи кои и според министерот, но и според мене имаат пад. Нормално дека зборуваме за пад на реализација во однос на планираното.  Сега тука се поставува прашањето, или е

лошо планиран, или е лошо реализиран. Сега тука можеби г-динот министер и не е толку виновен, затоа што во 2003 година некој друг го планираше па мораше да имаме и ребаланс, па дури негова смена од министер. И, тоа би било вака. Во основа доста работи се кажаа од моја страна, и од министрот. Во секој случај добро е за една ваква точка да има расправа и да има дискусија. На крајот на краиштата оној кој не слуша, за тоа ќе цени.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Ангел Димитров.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Влада, почитуван министер и почитувани колеги пратеници,

Завршната сметка на буџетот на Република Македонија за 2003 година како и секоја друга завршна сметка не може ниту да ја разубави, ниту пак да ја нагрди постоечката состојба, туку само ја отсликува реалната состојба и може да даде одредени информации за самата таа. Се разбира, многу покорисни се нашите сугестии и предлози и во самата постапка на припремата и донесувањето на новиот буџет, што ние како пратеници максимално го правиме. И од завршната сметка на Буџетот за 2003 година, може да се забележи дека поединечните цели на буџетската политика се остварени во различен степен т.е. обемно. Така на пример, целите во областа на фисскалната и монетарната политика како и во одржувањето на буџетскиот дефицит на одржливо ниво на задолженост се целосно остварени па дури и повеќе од планираното. Македонија го намали фискалното оптоварување, ја задржа стабилноста на курсот на денарот и оствари многу ниска инфлација, дури и под планираното ниво. Од друга страна не можеме да бидеме задоволни со стапката на пораст на бруто општествениот производ и остварувањето на политиката на вработување и намалување на сиромаштијата. Реформите на пазарот на работна сила ги отпочнале дури овој месец, а создавањето на поволна клима на флексибилност и конкурнтност на пазарот на стоки и на услуги ни оди многу тешко. Во нашата држава постојано се води една тивка дебата дали ни е потребна таква тврда монетарна политика и дали една инфлација во висина од 5 -10% нема позитивно да се одрази на зголемување на економскиот раст. Јас денес нема да зборувам за тоа, бидејќи досега сум го искажал мојот став. Но, сакам да одговорам на одредени тврдења од опозицијата дека поранешната влада. т.е. Владата на ВМРО - ДПМНЕ и ДПА водела политика на државна интервенција и тоа позитивно влијаело на екномскиот раст и на стандардот на граѓаните. додека оваа Влада ни

нуди чист неолиберализам со што Владата воопшто не влијае врз стопанството и не применува државни интервенции за поттикнување на развојот. Без разлика дали нас ни се бендисувало или не, вистината е само една. Ниту поранешната Влада на ВМРО ДПМНЕ и ДПА, ниту сегашните Влади од овој мандат не користат мерки и инструменти на државен интервенционизам заради поттикнување на развојот. И едната и другата ја прифаќаат политиката на ММФ и Светската банка која изричито забранува државна интервенција во стопанството. Основата на таа политика ја чини неолибералистичката доктрина која првенствено е наменета за земјите со развиено пазарно стопанство, што значи не е наменета за екс социјалистички држави. Но, и покрај тоа широкоградо им се нуди на сите држави во транзиција, па и на нашата.

Да истакнам само еден пример. Сите политички партии во последните десетина години постојано за време на изборните кампањи ветуваат рестартирање на производните капацитети кои некогаш вработуваа по 500-тини, илјада па и повеќе работници, а денес зјаат празни, во стечајни постапки кои траат со години. Дали продажбата на недвижниот имот составен од згради и од опрема во текот на стечајните постапки преставува државен интервенционизам? Се разбира, не. Овде, државата ниту смее, ниту сака да се меша, а постапката тече согласно Законот за стечај и мораме да признаеме со големо влијание на стечајните судии и на стечајните управници. Значи, ветувањата дека државата ќе ги рестартира овие погони е обичен предизборен маркетинг. Во држави каква што е Македонија која изврши брза и масовна приватизација, либералзација на пазарот и неселективно отворање кон странските пазари што предизвика огромен пад на производстовто, извзот и намалување на инвестициите кај нашите неконкурентни домашни компании. Државната интервенција е неопходна. Ова и поради фактот што домашното штедење е минимално, граѓаните се осиромашени и многу тешко доаѓаат до странските кредитни линии кои навистина ги има многу. Во развиените капиталистички држави улогата на економската политика е да ги корегира поединечните грешки и недостатоци на пазарниот механизам и на тој начин да ја спречи лошата алокација на производните фактори и опаѓањето напроизводстовто и на вработеноста. Во земјите во транзиција сеуште немаме развиени пазарни механизми, а пазарот е нефлексибилен и некомплетен. Затоа е неопходно државата да ја преземе грижата околу стварањето на оптимална индустриска структура и услови за работењето на претпријатијата, како би се овозможило хармонично зголемување на производството и на вработувањето. Но, за мене не преставува државен интервенционизам ниту безмилосното трошење на средствата добиени од

продажбата на нашите најголеми и највредни објекти ОКТА и ТЕЛЕКОМ. Иако и ваквото расипништво на краток рок даде одредени позитивни ефекти на зголемување на потрошувачката и заживување на економијата кој позитивно се одрази се разбира на стандардот на граѓаните. Но, ова не се правеше со цел да се поттикне развојот и да се намали сиромаштијата, туку се правеше со цел да се оствари само лична корист со едно дрско и незаконско трошење на средствата. Точно е дека вложувањето во инфраструктурни објекти може корисно да влијае на заживувањето на економијата. Но, ако 80 до 90% од вредноста на проектите се исплаќаат веднаш по потпишување на договорите со изведувачите врз база на фиктивни времени ситуации и по три години од објектите е изградено многу малку, или воопшто не се започнати да се градат, тогаш е јасно која била целта и која е судбината на овие проекти. Затоа не можам да прифатам изјави од типот: ние бевме реформатори, а вие ги запревте реформите, ние применувавме државна интервенција, а вие не ја прифаќате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Димитров, јас сум принципиелен и правичен, пет минути дозволувам кај секого од некој вовед. Ние имаме точка на дневен ред завршна сметка на Буџетот. Јас навистина го ценам тоа што вие сега имате излагање во врска со економските филозофии и школи, но ве молам задржете се на точката на дневниот ред.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Да, ама ние разговаравме овде и господинот Караџоски за буџетската политика и за одредени слабости.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-динот Караџоски со бројки во буџетот кажуваше што смета дека неговата партија е погрешно, или лошо.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Владата ќе биде успешна ако создаде амбиент за користење на странските кредитни линии, ако создаде услови за привлекување на директните странски инвестиции, а средствата од вака скромниот буџет ги користи за отстранување на негативните последици од нефлексибилноста и несовршеноста на пазарот, особено на овој нашиот кој сеуште не е доволно развиен и комплетен.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, мислам дека нема потреба кога некој не се придржува на Деловникот, да додавате некоја метафора, посебно не за пратениците од СДСМ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Макрадули, јас сум подеднакво принципиелен спрема сите и сакам сите да се задржите на точките на дневен ред. На тој начин ќе бидеме ефикасни и ќе бидеме рационални.

За реплика се јави г-динот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Почитуваниот колега изнесе доста работи а најмалку за Буџетот. Но, во секој случај прифатливи работи. Но, мене ми е жал што ги слушаме сега 2004 година, дека ветувањата на политичките партии, дека ќе има вработување, стартување на објекти, на фабрики, дека сето тоа е политички маркетинг, мислам дека со тој политички маркетинг се стигна до 15 септември 2002 година. Политичкиот маркетинг ако се објаснеше тогаш, немаше сега да се расправаме за вакви работи. И во однос на трошењето на средствата, од позитивните ефекти од ОКТА и од Телеком, во инфраструктурата  она што е внесено во стопанството како инвестиција, ако ги погледнеме сега средствата кои што доаѓаат и понатаму од телеком и дивидендата која што и оваа Влада ја зеде, а се користат за враќање на некои долгови, а воопшто ги нема ниту во инфраструктура и апсолуто никаде не се прикажуваат тие пари, ако тоа е инвестиција и ако тоа е напредок од она што некој го оставил, ќе кажете многу скоро, а за странски директни инвестиции ниту агенции, ниту она што го имаме замислувано многу тешко ќе ни помогне доколку комплетно не се промениме и доколку не почнеме да работиме како што работат сите во светот. А вака какојшто функционираме во моментов, мислам дека апсолутно странците и понатаму ќе останат незаинтересирани за овој дел од југоисточна Европа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Ќе бидам многу краток, само ќе констатирам ситуација дека вчерашната информација дека не се склучува аранжман со ММФ и поранешните изјави на поранешниот премиер кога се искажуваа работи кои што значеа дека Македонија се наоѓа во многу убава атмосвера и дека имаме развој, дека економијата оди во добар

правец, меѓутоа сето тоа не можеле да го почувствуваат граѓаните на Република Македонија, сметам дека е она што треба да преставува тема на размислување на колегата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-ѓа Емилија Костадинова.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Почитуван претседателе, г-дин министре, колеги пратеници,

Сосема накратко ќе земам збор по Предлог завршната сметка на буџетот на Република Македонија за 2003 година. Сметам дека табеларните прегледи, извештајот кон завршната сметка на буџетот на Република Македонија, што ни беше доставен и информациите што ни ги даде министерот во неговото претходно излагање, даваат доволно информации и податоци кои цели се остварени со проектираната буџетска политика за 2003 година. Бидејќи тоа е една веќе завршена работа, но чија што подетална анализа дава многу инфорамции, секако дека не треба да помине незабележано и без коментар. Законската основа во нејзиното изготвување секако дека е спазена, мислам на завршната сметка во смисол на роковите, а евентуалните пропусти, слабости, и недоследности во користењето на Буџетските средства за 2003 година, ќе можеме да ги согледаме откако ќе ни даде извештај Државниот завод за ревизија по задолжителните годишни контроли на кои подлежат буџетските корисници, единиците на локалната самоуправа и фондовите.

Она што е за истакнување е забележителната активност кон рационализација на буџетската потрошувачка. Иако тоа не мора да значи дека е постигнат некој максимум и дека место за задоволство и за ловорики има. Напротив, никогаш не е достигнат таков баланс и такво рационално трошење на средствата за да не можеме да најдеме одредени резерви ки ќе значат позитивен исчекор кон заштеди и рационализација на буџетските средства. Во целилна земено основните проектирани цели се остварени со мали отстапувања во позитивна, или негативна насока. Внимателнто анализирање на буџетските ставки како на приходната, така и на расходната страна ќе ни наметнат одредени прашања за кои што можеби веднаш нема да имаме одговор. Но, сепак за мене е битно тоа што во целина гледано проектираната макро-економска стабилност во 2003 година, се оствари и што се прекина растечкиот тренд на зголемување на Буџетот во споредба со 2001 и 2002 година кога македонската економија беше нарушена поради воениот конфликт. Накратко кажано, основните позитивни ефекти што се остварија е што рестриктивната буџетска политика доведе до поттикнување на економскиот раст, а

со низата мерки и активности што беа преземени со измена на одредени законски прописи се дојде до создавање услови за намалување на каматните стапки. Од завршната сметка можеме да согледаме дека основните зацртани политики на буџетската потрошувачка за 2003 година се остварија во смисол на тоа што централниот буџет имаше стабилизациона, социјална и реформска функција. Стабилизационата функција се гледа преку помалку остварените расходи од планираните за скоро 5%, или во апсолутен износ за 2 милијарди и 769 милиони денари. Кога сме веќе кај приходите да напомнеме дека со приходите остварени од приватизацијата, трансферите и донациите и наплатата на кредити вкупните приходи на буџетот изнесуваат 64 милијарди 463 милиони денари. Во структурата на приходите најголемо е учеството на даночните приходи 91% од вкупните приходи. Тука би искористила да спомнам еден момент кога г-динот Караџоски намерно, или ненамерно мислам изостави кога зборуваше за евазијата, за неплаќање на ДДВ спомна две причини, односно спомна дека или има помал број на компании ки што работат и плаќаат ДДВ или пак сивата економија е причина што за 7% потфрлила наплатата на ДДВ. Мислам тој не спомна една друга битна причина, а тоа е повраток на ДДВ кој што во 203 година Управата за јавни приходи го изврши на оние компании кои што имаа побарување по тој основ, или пак оние кои што неправедно на некој начин побаруваа, посебно кај оние поврзани субјекти за кој што констатиран проблем ова Парламентарно собрание донесе и посебен закон. Кога сме кај структурата на приходите, спомнавме дека најголемо е учеството на даночните приходи, а втори по структурното учество се неданочните приходи со 7,5%, капиталните приходи имаат мало учество нешто над 1% и со незначителни 02% учествуваат непланираните приходи од наплатени дадени заеми. За расходната страна на Буџетот структурното учество е со нешто над 90% отпаѓа на тековните расходи, 8,9% се капиталните расходи и 0,7% трошоците кои што се издвојуваат за последиците од кризата.

Рековме дека Буџетот имаше и социјален аспект кој што социјален аспект го согледуваме од дадените табеларни прегледи каде што ни се дадени цифрените податоци, односно дека за социјални потреби се издвоени средства во износ од 7 милијарди 302 милиони денари трансферирани до Фондот за ПИОМ, потоа 4 милијарди 358 милиони денари до Заводот за вработување, за социјално ззагрозените семејства се потрошени 2 милијарди 869 милиони денари, за детски додаток 433 милиони денари, за воените инвалиди 402 милиони денари, за

раселени лица 259 милиони денари, или вкупно 15 милијарди 623 милиони денари за социјалниот дел, или скоро 28% од расходите.

Од Завршната сметка за 2003 година можеме да согледаме дека за реформските процеси се потрошени средства во износ од 1.658.000 денари и тоа се потрошени за испратнини на работниците што отидоа во пензија од големите претпријатија загубари и за реформите во јавната администрација 531 милион или вкупно 2 милијарди 182 милиони денари. И покрај мерките што се понудија и презедоа за намалување на невработеноста и сиромаштијата, искрено е да кажеме дека тука не се постигнаа некои позитивни резултати во смисла на намалување на бројот на невработените. Напротив, растечкиот тренд продолжи и како што е наведено и во Извештајот оствариме негативна стапка од 2,9%, наместо планираниот пораст на вработеноста од 4%.

Друг момент на кој што би сакала да се осврнам и што кај некои ставки имаме поголеми отстапувања од планираниот износ, како што е на пример ставката други даноци кои не се класифицирани, кои што од планиран износ од 4 милиони денари, се остдварени само во износ 51 милион или 1,2% од планираниот износ. За тоа, по мене, може да има само две логични образложенија. Или тие приходи се сосема нереално планирани, или пак не се вложени доволно напори за нивно остварување. Секако, изготвувачите на Завршната сметка во имаат вистинскиот одговор, односно причините за таковото потфрлување кај таа буџетска ставка во приходниот дел.

Исто така, изготвувачот на Буџетот не ги имал предвид при планирањето и при ребалансот дополнително остварените средства од 31 милион 746 илјади денари остварени по основ на наплата на тарифата за финансиски трансакции, кои што важеа до 31.12.2002 година, но по некои секако водени спорови со некои стопански субјекти, истите се наплатени во 2003 година како вонредни приходи односно непланиран износ.

Големо потфрлање имаме и кај ставката други приходи од имот, за кои што со ребалансот планирано е да се соберат приходи од тој износ, по тој оснос во износ од 1 милијарда 248 милиони денари, а се остварени само 107 милиони 455 илјади денари или помалку за 91,4% од планираниот износ.

Наредно отстапување имаме кај приходите од наплатени дадени заеми во износ од 123 милиони денари, кои исто така изготвувачот не ги имал предвид при проекцијата на Буџетот и ребалансот и се јавуваат како непланирана ставка во приходниот дел.

Една од забелешките што ја имавме пратениците и од позицијата и од опозицијата кога го разгледувавме ребалансот на Буџетот што целосно не се искористија средствата наменети за капитални расходи. И, со изготвената Завршна сметка, констатација е дека средствата наменети за капитални расходи, иако намалени повторно не се остварија. Така на пример, ставката за купување на капитални средства не е целосно искористена, односно од планираните средства во износ од 2 милијарди и 295 милиони денари со ребалансот констатираме дека се потрошени 1 милијарда 734 милиони денари, или помалку за 560 милоиони денари, односно 75% од планираните средства се искористени до 31.12.2003 година, фактички 25% помалку. Средствата планирани за капитални расходи од продажбата на "Телеком" во Завршна сметка согледуваме дека се има големо отстапување од планираните со Буџетот за 2003 година. Имено, од планирани 1 милијарада и 38 милиони денари, искористени се 484.426 милиони денари, или само 46% од оние кои што беа зацртани со ребалансот на Буџетот. Објаснувањето тука беше дека потфрлањето е како резултат на лошото искуство со завршувањето на овие објекти, кои што се почнати во претходниот период односно претходното ненаменско користење на средствата.

Ова е сосема накратко мојот коментар по изготвената предлог завршна сметка за Република Македонија за 2003 година.

Лично ќе се произнесам позитивно за нејзиното прифаќање, а и ставот на Пратеничката група на СДСМ е истата да се прифати онака како што е изготвена.

Исто така и Комисијата за финансирање и буџет даде позитивна поддршка по Предлог завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2003 година.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Костадинова.

Повелете господине Матоши, имате збор.

РУЖДИ МАТОШИ:

Ви благодарам господине претседател, госпидине министер, колеги,

Денес говориме за Завршната сметка на Буџетот за Република Македонија за 2003 година, ако сакаме да имаме еден сериозен осврт треба во детали да ја анализираме компонентата, буџетската компонента и главните негови

компоненти и тоа буџетските расходи, буџетските приходи и се разбира даночната политика. Но, извештајот што го слушнавте лично мислам дека е несериозен од причина што е изготвен на непрофесионален начин. Извештајот објаснува која беше основата за концептирањето на Буџетот и ребалансот во оваа година, како и приходите и расходите на еден синтетички начин. Значи, не објаснува на аналитички начин секоја ставка на Буџетот, како од страната на приходите, така и од страна на расходите.

Правејќи една анализа на завршните сметки на Буџетот, мене би ме интерсирално лично како пратеник како се трошеше овој Буџет и колку албанците го имаат користено овој Буџет кога знаеме дека албанците се 25% во Република Македонија учествуваат на активен начин на изготвувањето, во исполнувањето на овој Буџет. Ако направиме една добра и вистинска анализа на сметките на Буџетот за 2003 година, ние на дискриминаторски начин бевме отстранети во многу области, можам и да ги наведам кај кои области. Тоа се областите во културата, каде 1% од Буџетот сме искористиле во текот на 2003 година, во високото образование само 0,5%, индивидуалните земјоделци многу малку имаат користено од овој Буџет. Во инфраструктурата развојниот барометар не произлегува со некоја развојна активност или со една изградба или обнова на некој објект или на некој елемент од инфраструктурата и тн.

Затоа, господине министер, би сакал да знам, бидејќи ние на активен начин учествуваме во исполнувањето на Буџетот на Република Македонија, зошто приближно кога се врши поделбата на овие буџетски добра не се зема во предвид и етничката компонента која го исполнува овој Буџет. Од аспект на структурата на буџетските трошоци доминантно учество имаат дискретните трошоци, кои се околу 89%. Додека мал простор останува за дискретни трошоци и капитални трансакции. Само недискретните расходи се околу 89% од кои трансферите учествуваат со 40%. Платите и долговите 39%, потоа доаѓаат трошоците за стока, услуги 12% и каматните исплати 9%. Во спроедба со позицијата на платите Република Македонија учествува во структурата на расходите, општите расходи во централниот буџет. Истото, во споредба со другите држави во транзиција има поголемо учество. Во општиот број на корисниците на Буџетот во Република Македонија е околу 110 лица што претставува една висока бројка во споредба со другит држави во транзиција. Од ова произлегува учеството во плати околу 30% во споредба со општите расходи од централниот буџет, што е резултат на наследеното превработување во државната администрација.

Од овие причини Владата на Република Македонија во соработка со Светската банка и Меѓународниот монетарен фонд, треба да изготви стратегија за реформи во јавната администрација, со цел да се создаде основа за намалувањето на расходите и размена на неповолната структура на Буџетот. Еден краткорочен период, поделбата на активностите треба да се создаде основа за корекција на платите, како значаен предуслов за создавање на професионална администрација и поефикасна администрација. Но секоја реформа во администрацијата треба да се земе предвид социјалниот карактер, а не како досега, со отстранување од работа и оставање на луѓето на улица. Во структурата на буџетските трошоци доминанта улога имаат и трансферите кои учествуваат со 40%. Инаку, стопанството доживува длабоки структурни промени, што резултира со падот на производството, домашните трошоци, зголемување на стапката на невработеност и како последица на ова покачување на трансферите. Гледано од структурен аспект расходите во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување дистигнува едно ниво од 30,1%, Заводот за вработување 20,7%, социјалните програми 18,7%. Ако ги видиме реформите во јавната администрација и структурните реформи, трошоците за стоки и услуги во буџетските структури просечно се околу 12%, што е просечно ниво на другите земји во транзиција.

Поаѓајќи од колебањата на ставките кај нас, како и во другите земји во транзиција, Република Чешка има 6%, Словакија 10,4%, Хрватска 22,4%, Словенија 17,62%, може слободно да се констатира дека овие трошоци го имаат пренесено најголемиот товар на фискалната консолидација со буџетските расходи. Исплатите на каматите, буџетските трошоци и структурните во просек учествуваат со 6,4%, додека во однос со бруто домашниот производ се 1,7%, што кажува за еден благ товар на Буџетот спроедбено со другите земји во транзиција, оваа стапка од просечно нивно ниво.

Капиталните трошоци како развојна компонента на Буџетот, претставуваат значајна компонента на долгорочниот економски развој, бидејќи финансиските средства се инвестираат во нови јавни инвестиции и изградба на капиталните објекти, постојните и за модернизација на опремата. Напротив, вредноста што ја има оваа стапка, во минатиот период беше многу ниска, за да каже дека суспензија на развојниот компонент на Буџетот. Така, просечното учество во однос со бруто домашниот производ е само околу 1,9%.Потпирајќи се на овие факти, говорат за лошата структура на буџетските расходи, како и значењето на развојниот карактер на фискалната политика, како една стратегија на фискалната власт, треба

да биде една рекомпозиција за структурата на расходите, јавните расходи во насока на зголемувањето на дискретните трошоци во однос со недискретните трошоци, но без социјални последици во општеството.

Јас не мислам дека оваа Влада има капацитет да ја подобри оваа структура, имајќи ја предвид несериозноста на извештајот и капацитетот на Министерството за финансии. Нема да видиме нониви во концептот на Буџетот, но имаме повторување на претходните. Кога станува збор за приходите во Буџетот и даночната политика, сведоци сме на радикалните измени на данокот на додадена вредност кој ја уништува прехранбената индустрија, ја зголемува сиромаштијата кај населението.

Додека, од друга страна, господине министре, немаме буџетски приходи и немаме фер плеј во стопанството. Имаме нелојална конкуренција во стопанството и оваа нелојална конкуренција вие треба да ја сузбиете, се разбира, сузбивајќи го и организираниот криминал. Ние имаме факти дека вашата Влада е инкриминирана токму во буџетските приходи. Вие го угнетувате населението, ги зголемувате цените на широката потрошувачка, го зголемувате данокот, додека од друга страна се развиваат разни начини на организираниот криминал. Јас случајно вчера купив една кутија цигари и го гледав бандеролот кој е со маркица од контролата извршена и има контролна тикета, додека случајно го отворив овој бандерол на Министерството за финансии, под овој бандерол се гледа бандерол на Република Косово. Тоа значи дека една стока која ни е на пазарот, која го одбегнува данокот на додадена вредност и се одбегнува исто така и акцизата. Сигурно, некој овој данок на данокот на додадена вредност и оваа акциза на оваа стока која се продава во Република Македонија ги зема од вас министрите или од премиерот или од претседателот на државата. Значи, овде се гледа дека вашата Влада е вклучена во организираниот криминал, бидејќи во Република Македонија постојат стоки со разни бандероли на Република Хрватска, на Република Косово, Албанија и тн.

За куриозитет, кога имате вие седница во Влада, прашајте ги министрите и ќе ги видите кутиите на цигарите и тогаш ќе се увериш дека ова е еден факт и една реалност. Исто така, ова е докажано и од извештаите на меѓународните комисии, кои се овде присутни. Но, би сакал уште еднаш да поставам едно прашање, колку албанците се корисници на јавните расходи. Барам како пратеник од страна на министерот во врска со користењето на Буџетот и колку албанците го користат Буџетот.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Јас денес потпишав седница за пратенички прашања и тогаш можете тоа прашање да го поставите.

Господине Мавровски, има уште 10 минути до пауза, дали ви се доволни 10 минути за вашата дискусија?

Повелете, имате збор, а потоа нека се подготви господинот Ванчо Стаменков.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Би сакал да дадам еден краток осврт на она што значеше извештај за вуџетот за 2003 година.

Го слушнавме денес и министерот и она што е предложено и кажано тука дека Владата ќе се потруди, сите приходи кои одат кон стопанството да бидат намалени давачките од стопанството, така што да може стопанството да заживее и да почне да постигнува пдобри резултати. Сето тоа е во ред. Но, јас имам неколку прашања до министерот, по одредени стапки и мислам дека ќе може да ми одговори , зошто воопшто некои работи во Буџетот се предвидуваат.

За почеток би сакал да кажам, во самиот биланс на приходи 725 и други неданочни приходи. Стои дека во Буџетот за 2003 година е планирано 399 милиони денари, реализирано 3 милијади 917 милиони денари. Ако ние направивме нешто , мислам дека граѓаните треба да знаат што е и од каде е затоа што во 2002 година се ветуваше дека голем број на производи  кои се користат од граѓаните, даночната стапка на ДДВ ќе биде намалена од 19% на 5%. Но, се случи тоа што се случи и во голем дел се зголеми, така што овие давачки очигледно се зголемени.

Слушнавме доста позитивни работи, слушнавме од министерот дека од сето тоа што во моментот ни се случува, сме на добар пат да одиме во правата насока кон ЕУ. Но, синока не слушнавме нешто добро, или министерот не сака да говори. Имено, од денеска требга да бидеме без ангажман со ММФ кој по трет пат ќе биде укинат, ако биде укинат. Еднаш го имавме тоа за време на Косовската криза, втор пат за војната од 2001 година, и сега изгледа може да биде само поради економско незадоволување на одредени критериуми со ММФ. Но, оставам тоа да го каже министерот и мислам дека има должност да го каже затоа што многу поважни се

прашањата за пратениците, одколку една ваква ситуација која до вчера беше многу важна, а сега станува потполно неважна.

Тука говореа многу од колегите, за многу ситуации. Една од тие ситуации беше телекомот и слушнавме едно објаснување од моите колеги, поради лошото искуство во остварувањето, реализацијата била некаде околу 46%. Значи овие една милијарда  и 38 милиони, искористени се само 484 милиони . Не знам што е со другите. Мислам дека министерот должи објаснување, зошто и како.

Јас сега би посочил неколку работи кои не оддалечуваат од ЕУ и она што значи економија и развој.

Би почнал со Агенцијата за развој и инвестиции што е предвидено да потроши некаде околу 11 милиони а потрошила 10 милиони. Сите овие средства освен договорни услуги за 2 милиони и 600 илјади се употребени едноставно на плати и административни трошоци. Ако вака работи Агенцијата за развој и инвестиции, што ќе сработи, очигледно е за сите нас. Мислам дека е многу страшно тоа што го гледаме . Така што и сите агенции што понатаму ќе се создаваат мислам дека треба да работат според она што значи продуктивност, според она што ќе донесе, а не според тоа колку пари ќе потрошат за плата и останати трошоци.

Во многу ставки од Бицетот стои , и други оперативни расходи. Секаде се многу поголеми. Како други оперативни расходи стојат вредности и во МНР, 33 милиони, понатаму МВР 7 милиони итн, каде што имаме многу малку објаснување што значи тоа, и други останати.

Некои други суми кои се објаснуваат во 1000 денари, вреди ние како пратеници да знаеме за што се работи.

Понатаму има едн ачудна ставка, национален безбедносен авторитет на Република Македонија  во НАТО контекст, ако добро го прочитав. Тоа е некоја, незнам ни што е сега, дали е агенција или е нешто друго, што функционира во Буџетот на Република Македонија со 460 илјади денари. Мислам дека освен плати, апсолутно нема ништо друго. Колку тоа ни донесе национален и безбедносен авторите на Република Македонија , да бидеме поблиску до структурите на НАТО, или овие се , незнам ни колку луѓе може да бидат, да ги земат овие пари, мислам дека апсолутно не држи.

Во Министерството за животна средина постои ставка, изградба, реновирање и унапредување. Се работи за 97 милиони од предвидени 113. Но, колку што знам повеќе од 100 милиони беше штетата што се нанесе само во САСА. Колку ќе биде

сега штетата во однос на тоа Министерство, мислам дека резервите, видовме и минатиот пат во буџетот, воопшто не ги предвидуваме.

Понатаму Министерството за образование во ставка 46, купување на капитални средства апсолутно сем основно и специјално одржување , каде што се предвидени 12 милиони а се потрошени 7 милиони и 800 , во однос на купување на мебел и канцелариска опрема , физибилити студии, машинска опрема , изглед и реновирање апсолутно нема никакви трошоци , значи ниту потрошиле ниту мислеле да потрошат . Понатаму Агенцијата за малди има трансфери до непрофитни организации кои што се многу поголеми за разлика од она што значи поддршка намлади таленти кои изнесуваат само од прилика два ипол милиони.

Она што се случува сега во моментот и најавата од ЕСМ , мислам дека во скоро време како Парламент тука повторно ќе потпишеме задолчување на Република Македонија некаде од 150 милиони евра. 45 милиони е кредитот од ЕБОРД кој веше Владата мислам го договори и најавата за отворањето на новите рудници од 100 милиони и најавата за продажба на ЕСМ. Претходно, г-дине министре, во еден месец ние потпишавме некаде околу 100 милиони евра задолжување, повторно за ЕСМ и тоа беше во неполни две недели што го направивте тоа, така да можеби изгледа вака нешто, кога ги собереме, дали се 200 милиони или 250 милиони, ќе видиме многу скоро. И последните три предлог закони што ги испративте до парламентарците, повторно се задолжување на одделни министерства и сигурно на наредната седница тоа повторно ќе го расправаме.

Што се однесува до Буџетот, јас би сакал да кажам многу кратко, тоа сигурно ќе го направиме на локално ниви малку повеќе, по однос на Битола и во однос на планираните вкупни приходи од 800 милиони и 900 иљади, на крајот да бидат извршни 151 милион и 351 иљада. Значи плус 70 милиони денари. Сега , сето тоа ќе биде во ред ако ни е презентирано што со овие средства, каде се овие расходи и што е направено. Гледаме дека повеѓе од 30 милиони купување на капиталин средства во основно и специјално одржување , наместо предивдените 19 милиони и 300 иљади денари , потрошени се 48 милиони и 785 иљади денари. Сега, основно и специјално одржување, можеби министерот знае повеќе, јас не би знаел што значи сето тоа, но знам дека тие 30 милиони се рамни на вкупниот приход на останатите осум општини во Битола: Бистрица, Новаци, Бач, Старавина, Могила, Кукуречани, Цапари и Добрушево. Нивниот вкупен предвиден приход изнесува 40 милиони, колку што е разликата меѓу основното и специјално одржување, планирано 19 милиони и 300 иљади и остварено 48 милиоин. Мислам дека на ваков начин апсолутно не

помагаме да ја видиме вистината и пратениците да можат да говорат. Можеби за многу од нас, бидејќи овој матаријал е доста обимен, можеби некој не го ни видел, но во секој случај ако тргнеме од сопствените општини, мислам дека ќе дојдеме до повеќе такви ситуации.

Еве јас поставив неколку прашања, очекувам дека министерот ќе најде за потребно во одредена прилика да одговори на овие прашања.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Точно е 13,00 часот, и сега објавувам пауза, продолжуваме во 14,00н часот.

(по паузата седницата продолжи со работа во 14, 40 часот)

Има збор пратеникот Ванчо Стаменков.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Почитуван претседателе, почитуван министер за финансии, почитувани колеги пратеници,

На дневен ред е завршната сметка за 2003 година. Сакам да кажам дека завршна сметка е документ кој што се разгледува после секоја година или мора да се усвои, така е правилото без разлика дали ни се допаѓа или не ни се допаѓа. Треба да ја усвоиме но треба и да дискутираме по неа, да кажеме дали сме задоволни од работењето во таа година или не сме задоволни. Односно завршната сметка претставува огледало на работењето на одреден правен субјекти во овој случај на Владата на Република Македонија . Од неа може да се види дали Владата она што како стратегија го имала во поглед на макроекономската политика, во поглед на фискалната политика , во поглед на развојот на државата на економски план , дали го остварила, односно во кој процент и го остварила, дали била успешна таа година.

Основната стратегија во 2003 година во поглед на макроекономската политика, се засниваше на неколку закони кои што се донесоа во Парламентот и кои што беа како новина внесени како закони кои што ќе допринесат за развој на задржување на макроекономската стабилност и пораст на бруто националниот доход , односно за побогато живеење во државата.

Основна работа што ја имавме беше измена на Закјонот за ДДВ каде се отиде на 13% зголемување на една голема оизводи и намалување на стапката од 19% на 18% на останатите производи. Така што во делот на приходите се претпоставуваше пораст на приходите од данокот на ДДВ за колку 2 милијарди денари. Тие 2 милијарди денари требаше да се искористат за зголемување на вработувањето во

државата . Со овој закон требаше да се вработат нови 20 илјади луѓе, а средствата за придонесите кои ќе беа на товар на буџетот на Република Македонија да се покријат токму од оваа ставка на зголемување на ДДВ и сето тоа да биде како што треба. Значи ако ја погледнеме ставката даночни приходи , ќе видиме дека , посебно ставката во данок на промет и ДДВ, државата не успеала да собере, според планираното, околу 2 милијарди и 400 милиони денари. Значи лошо ги испланирала приходите од данокот на промет и ДДВ. Имено со буџетот за 2003 година беа предвидени 23.582.000.000 денари, со ребалансот 22.792.000.000 денари , а по завршната сметка соберени се 21.175.919.119 денари. Тоа покажува дека лошо е планирано и сумата која е излезена како разлика е голема и не смее да си дозволат такви грешки во планирањето.

Сега анализата на она што довело до ова покажува дека , ако гледаме кој го плаќа данокот , кои се тие како крајни корисници кои што го плаќаат, гледаме дека тоа се граѓаните на Република Македонија , односно оние кои што секојдневно за своите потреби набавуваат производи во кои што обрачунат данокот на додадена вредност. Тоа покажува дека потрошувачката моќ на населението во Македонија е во опѓање односон покажува дека сиромаштијата зема се поглем замаф. Значи не сме застанале на патот на сиромаштијата туку таа и понатаму се подрабкичува, а тоа доведува до тоа да заклучиме дека 2003 година не е година на економски раст, 2003 година е година на уште поглем економски пад. Тоа значи дека треба нешто да се менува во стратегијата која е заземена и едноставно, да го смениме курсот и некако на друг начин да работиме. Тогаш основната стратегија беше штедење, што помало трошење, значи безразвојна компонента во Буџетот, што помалку пари за капиталните објекти и инвестиции. Сметам дека тоа е погрешно и дека со тоа ништо неможеме да придонесеме за економскиот развој на државата.

Во делот на расходите, морам да кажам дека е штедено, посебно во стапките за стоки и услуги се гледа дека е намалена потрошувачката, дури и во однос на планираната имаме помалку од 300 милиони денари потрошено. Едноставно морам да ја спомнам ставката 21310, Реформа на јавната администрација. Потрошени се 530 милиони денари за надоместок за луѓето кои се отпуштени од јавната администрација. Тоа е таа реформа. Значи да се исплатат платите што ги следуваат по позитивните законски прописи, пари кои сепак се од граѓаните на Република Македонија .Колку е таа успешна работа покажува начинот на кој се прави реформата, односно кои луѓе се отпуштаат од работа. Како пример ќе ви кажам дека во Кочани во Секторот трезор се отпуштени дипломирани економисти со пет години

работно искуство, иако во тоа одделение во Кочани работат 14 луѓе а самодвајца се со економски факултет. Истото се случува и во имотно-правните односи , се отпушта дипломиран правник кој е ангажиран директно на работа на денационализацијата, исто со пет години работно искуство за посебна област, по сите прописи државен службеник. Не можеме да правиме реформа на јавната администрација ако кадрите ги отпуштаме од работа. Не може, ако се откажуваме од луѓе во кои пет години е вложувано, да научат нешто за да вратат на државата, а ние сега да се откажуваме од нив само затоа што се членови на ВМРО-ДПМНЕ. Така нема да стигнеме многу далеку, туку се повеќе ќе запаѓаме во криза, бидејќи само со добри кадри, со кадри кои си ја знаат работата можеме да одиме напред. За тоа апелирам до министерот да го испита овој случај во Кочани, можеби само во Кочани е грешката, во други градови нема грешка. Да се исправи грешката, бидејќи ќе се направи штета на државата.

Во делот на расходите, јас зборував и на Комисијата дека треба да се провери и работата на ПИОМ. Со Буџетот на Република Македонија беа предвидени 7 милијарди денари трансевер до Фондот за ПИОМ. Потоа со ребалансот се зголеми на 7 милијарди и 157 милиони денари, со завршна сметка имаме потрошено уште 150 милиони денари повеѓе. Така што или тука нешто не функционира, не се работи добро таму, или да се проверат работите кои доведуваат до таква состојба, зафаќањата од буџетот од година во година се се поголеми.

Нешто треба да се направи во овој дел инаку ќе се доведеме во ситуација она што како данок го прибереме од граѓаните да го пласираме на пензионерите во облик на пензија, дотација на Фондот за ПИОМ. Бидејќи 7 милијарди се повеќе од 13% од Буџетот на Република Македонија, така што сериозно треба да се размислува за овој проблем во државата.

Исто така, еден важен момент кој морам да го спомнам тоа се капиталните расходи. Предвидено е со Буџетот во 2003 година да се потрошат 6.082.000.000 денари за капитални расходи со ребаланс од 5.974.000.000 денари, а потрошени се 5 милијарди. Значи 1 милијарда не е потрошена. Мора да се провери зошто парите кои сме ги предвиделе не се реализирани и кои се одговорните луѓе зошто 1 милијарда денари не се внесени во инвестициите во државата. Бидејќи 1 милијарда денари е голема сума на пари која може да влијае на економскиот раст. Не смееме да се однесуваме неодговорно према вака влијателни фактори на развојот на државата.

Да ја спомнам кризата во ставката 2.3., Министерството за одбрана по основ на кризата потрошило 195 односно 200 милиони денари, МВР 218 милиони денари или вкупно 412 милиони денари.

Трошоците за бегалците кои се искажани во ставката 2138 се 260 милиони денари. Имаме една сума од 660 милиони денари кои се потрошени од Буџетот на Република Македонија по основ на кризата по основ на бегалците.

Апелирам до Владата да се ангажира на што побрзо решавање на статусот на бегалците, што побрзо решавање на сите оние неповолни влијанија од таа криза, бидејќи тие што ја предизвикаа кризата се во Владата, Парламентот и можат да влијаат таа криза конечно се заврши да не трошиме повеќе пари на даночните обврзници.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Стаменков, благодарам на вашето време.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Почитувани пратеници, отворам претрес по текстот на Предлогот на Завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2003 година.

Дали по текстот на Завршната сметка некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на Завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2003 година го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 58 пратеници, од кои 53 за, 2 воздржани, 3 против.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници.

Бидејќи во салата се присутни 59 пратеници, гласањето не е валидно, ги молам пратениците да влезат во салата.

За да бидеме сепак деловнички исправни, ги молам службите уште еднаш да го утврдат бројот, бидејќи неможеме ние од тука точно да изброиме.

Во салата се присутни 61 пратеник и затоа го повторувам гласањето.

Ве молам да гласаме.

Гласале 58 пратеника, 52 за, 3 воздржани, 3 против.

Во салата беа присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието ја донесе Завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2003 година.

Преминуваме на 20-та точка од дневниот ред - **Годишен извештај на Народниот правобранител за 2003 година.**

Годишниот извештај и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор Народниот правобранител господинот Бранко Наумовски.

БРАНКО НАУМОВСКИ:

Почитуван претседател, почитувани пратеници,

Годишниот извештај за работа на Народниот правобранител за 2003 година што се наоѓа пред вас е шести по ред што го доставувам до овој дом, а тоа значи дека изминаа скоро 7 години откако во правно политичкиот систем на државата постои, функционира и дејствува оваа демократска институција.

Седумгодишниот период  на дејствување во транзиционо општество, како што е македонското, е навистина кус временски период за да се даде објективна и издржана оценка за тоа колкав е придонесот на оваа институција во заштитата на слободите и правата на граѓаните, почитувањето на правото, функционирањето на правната држава и воопшто развојот на демократските процеси.

Состојбите и условите во изминатите години беа навистина тешки за дејствување на секоја институција во државата дури и за оние со повеќе децениска традиција. Тоа секако се однесува и на Народниот правобранител кој, согласно својата уставна положба, е замислен како исклучително важен контролен механизам над извршната власт кој може поуспешно да дејствува единствено во демократски амбиент во кој владеењето на правото, почитувањето на слободите и правата на граѓаните се основни принципи во функционирањето на правната држава.

Сепак, дејствувајќи во вакви услови, водени од желбата да се оправда стекнатата доверба кај граѓаните како и од цврстата определба да не се потклекне под разни облици на притисоци врз самостојноста и независноста на функционирањето до максимум беа вложени сите стручни капацитети и сета енергија, истрајност и упорност за да можам денес пред вас и пошироката јавност слободно и аргументирано да заклучам дека сепак се постигнати задоволителни резултати.

Благодарение на ваквиот однос и пристап во работата, како и односот кон граѓаните, Народниот правобранител денес е препознатлива институција, достапна, широко отворена и поддржана од граѓаните, институција во која имаат полна доверба и со чија помош ги остваруваат своите права и интереси.

Почитувани пратеници, ќе бев многу посреќен и позадоволен ако денес пред вас изнесувајќи ги податоците, оценките и заклучоците од овој Извештај излегов со оценка дека има голем позитивен напредок освен во однос на изминатите години со исклучок на 2001 година кога беа евидентирани масовни повреди на основните човекови права и слободи, но, за жал, изнесените показатели и во овој извештај упатуваат само на благо подобрување на состојбите со почитувањето на слободите и правата, што секако е резултат и претставува реален одраз на состојбите во извештајната година.

Причини има многу, но тие, пред се, треба да се бараат во недоволно брзите чекори што се правеа во насока на осовременување на законската регулатива и нејзино прилагодување со европското законодавство, во тешката материјална и економска состојба во државата, во бавните реформи на јавната администрација, судството, локалната самоуправа, одложувањето на спроведувањето на обврските од Рамковниот договор односно Уставот, довршувањето на постапката на трансформација на општествениот капитал и денационализацијата.

Ако кон сето ова се додаде недоволната стручност, компетентност, совесност и одговорност на поедини носители на значајни јавни функции, корупцијата која иако тешко се докажува, несомнено е присутна во многу сфери на општеството особено на местата на кои се постапува и одлучува од позиција на власт, организираниот криминал, трговијата со луѓе како и енормната невработеност се основа за оценката дека и покрај евидентираниот позитивен тренд степенот на почитување и заштита на правата и слободите на граѓаните сеуште не е на посакуваното задоволително ниво.

Оттаму заклучокот од Извештајот дека граѓаните на Република Македонија своите уставни и законски права пред органите на државната управа сеуште ги остваруваат отежнато и бавно низ долготрајни управни и судски постапки во кои сеуште има присутни појави на злоупотреба и непочитување на законската регулатива, некооперативност, неорганизираност во постапките во кои постои некоординираност меѓу самите органи и во амбиент на бирократски однос, чиновнички менталитет и субјективизам во однесувањето на државните службеници кон нив.

Почитувани пратеници, не би сакал во оваа прилика да изнесувам бројки, бидејќи нив ги има доволно во Извештајот, но сметам за потребно да истакнам дека претставките од граѓаните упатени до канцеларијата на Народниот правобранител во последните три години бележат значителен пораст, така во 2001 година беа примени 1.107 претставки во 2002 година 1.878, веќе во 2003 година се примени 2.605 претставки. Ова доволно говори за веќе искажаната доверба на граѓаните кон институцијата, но и за јакнење на свеста на граѓаните, за нивните законски права и нивната решеност да истраат по патот кон нивното остварување.

Во оваа прилика не можам да ја премолчам честопати истакнуваната констатација дека соработката со повеќето министерства, органи и организации врз кои Народниот правобранител надлежно постапува не е на потребното ниво што секако е причина, но и услов за ефикасно остварување на правата на граѓаните и извршувањето на работите на оваа институција.

Податоците и заклучоците за степенот на почитувањето на човековите права изнесени во овој Извештај, податоците што на некој начин го отсликуваат начинот на работата на институцијата и критичката, но конструктивна расправа што очекувам да уследи по него ќе дадат дополнителен импулс за натамошно доизградување и поттик за нови активности со цел за остварување максимални можни резултати во правец на остварување на правата на граѓаните во Републиката.

Дополнителните законски овластувања што произлегуваат од новиот Закон за Народниот правобранител што стапи во сила на 1 октомври минатата година неминовно налагаат ваша поголема поддршка во наредниот период со цел за побрза имплементација на новите законски овластувања пред се во правец на создавање услови за конечно да профункционираат подрачните канцеларии за што основен предуслов е изборот на моите заменици кои треба да раководат со нив.

Би сакал да потсетам дека на сите особено вам почитувани пратеници, ви претстои голема задача максимални и интензивни напори за побрзо усогласување на законодавството за да не им се овозможи манипулација на оние чија обврска е негово доследно спроведување, а тоа се пред се судските органи и органите на државната управа.

Би сакал да го изразам и моето уверување дека со зацврстувањето и развивањето на демократските слободи и корпусот на човековите права и во моето натамошно работење ќе вложувам максимални напори во правец за поефикасно дејствување.

Се разбира предуслов за тоа е прецизна законска регулатива за да може овие активности да ги насочам само во правец на нивно доследно спроведување. Оттаму се надевам дека поднесувањето и на овој Извештај нема да биде само моја формална законска обврска, туку очекувам вие да ја искористите целта на неговото поднесување како инструмент на контрола и надзор за почитување на слободите и правата на граѓаните од извршната власт и користејќи ја вашата уставна позиција да придонесете во натамошниот развој на демократските процеси особено во зацврстувањето на уставната положба на оваа институција како инструмент во вашите раце.

Исто така верувам дека и граѓаните од вас како нивни избраници очекуваат да ги поддржите активностите и дејствувањето на оваа стручна, самостојна и независна институција и во рамките на вашите надлежности да преземете мерки за почитување на одлуките и дејствувањето на Народниот правобранител.

Некои од вас почитувани пратеници при разгледувањето и расправите по Извештајот во комисиите на Собранието ми го поставија прашањето што сум презел јас за да ги принудам надлежните орган да ги почитуваат моите одлуки и интервенции. Вие добро знаете дека Народниот правобранител нема надлежност и присилни инструменти со кои може тоа да го стори. Најсилен инструмент е овој извештај кој треба да го искористите вие и да побарате одговорност од оние кои треба да ги почитуваат слободите и правата на граѓаните, а тие се избрани и поставени тоа да го прават токму од вас. Единствено со вашата безрезервна поддршка и барање отчет од оние кои ги повредуваат правата и неодговорно и несовесно се однесуваат во постапките и комуникацијата со граѓаните и со оваа институција ќе дадете импулс во работењето и авторитет во дејствувањето на Народниот правобранител.

Почитувани пратеници, претставувајќи го Извештајот напоменувам дека согледувањата во него се резултат на предметното работење, како и на она што значи уставна и законска надлежност на Народниот правобранител и свесен сум дека на многумина можеби нема да му се допаднат наводите и констатациите за повредите на правата, меѓутоа, замижувањето пред вистината или фрлањето прав може само да ни го оддолжи патот до крајната цел, а тоа е да не останеме последни на патот кон целосна интеграција во евроатланските структури.

Затоа дозволете на крајот да изразам надеж дека состојбите со обезбедувањето, заштитата и почитувањето на правата и слободите на граѓаните ќе се движат во позитивна насока и со позабрзано темпо на што упатуваат првичните

показатели од оваа година за да на крајот од истата констатираме позначителен напредок што ќе биде на наше општо задоволство, а тоа ќе го бара и меѓународната заедница.

Во овој правец очекувам интензивни и континуирани мерки и активности и од Владата на Република Македонија и се надевам дека нејзината декларативна определеност ќе се преточи во практична реализација на законските задолженија и обврски. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеникот Драго Шајноски, а нека се подготви пратеникот Неждет Мустафа.

П

ДРАГО ШАЈНОВСКИ:

Би сакал за јавноста да потенцирам некои делови од Извештајот на Постојната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот по однос на Извештајот на Народниот правобранител и да дадам свој коментар за тоа.

Во Извештајот е константирано дека има тенденција на пораст на бројот на претставки со кои граѓаните се обраќаат до оваа институција. При што, само за првите пет месеци од оваа година се примени околу две илјади претставки. Со оваа тенденција, според правобранителот укажува на два факта.

Прво дека се зголемува довербата на граѓаните кон оваа институција и

Второ, дека имаме ситуација со постојана повреда на човековите права од страна на државните органи, од страна на Државната управа и на организациите со јавно овластување.

Понатаму значајно е да се истакне и тоа дека Народниот правобранител апелира до Собранието на кое ќе се разгледува Извештајот да не остане само како констатации за непочитувањето на укажувањата од Народниот правобранител, туку да се задолжи секој орган наведен во Извештајот да даде отчет пред Собранието за тоа што е превземено во врска со упатените препораки и барања од Народниот правобранител. Фактот што 75% од претставките не се земени предвид и тоа што ниту еден од повиканите функционери не одговорил на укажувањата на Народниот правобранител ја намалува довербата кон оваа значајна институција. Ваквото барање и укажување оа Народниот правобранител и од постојната Анкетна комисија и евентуалното негово спроведување во делот значи спроведувањето на ова

барање, органите на државната управа да даваат извештај до Собранието за нивната работа, ќе значи драстична промена кон подобро во поглед на односот на луѓето во Државната управа кон правата и слободите на граѓанинот во Република Македонија  и кон односот со Народниот правобранител.

Од досегашниот однос на власта кон Народниот правобранител може да се извлече само еден заклучок. Лага е дека власта го почитува Народниот правобранител, а доказ за тоа е вистината дека досега таа, власта не го почитувала или спровела негово укажување во ниеден случај. Ова е невидено лицемерие на власта.

Во таа смисла, сакам да потенцирам еден многу свеж пример за односот на претседателката на Комисијата за хартии од вредност проф. д-р Весна Пендовска кон барањето на Народниот правобранител да донесе времена мерка во полза на граѓанинот Марковиќ акционер во ЕМО. Спрема Законот за Народен правобранител таа мора за три дена да го извести Народниот правобранител дека постапила по неговото укажување, а не и по 10 дена да молчи, што е уште посимптоматично, таа во дневните весници објавува дека знае дека нејзината функција е да спречува нелегални трансакции на берза, а сепак самоволно, не знам од кои причини, или по налог на власта таа поништува трансакции на берза. А поништувањето на трансакции од берза може да се изврши само со судско решение и ниеден час после извршената трансакција, т.е. после порамнувањето. Држејќи го законот за Народен правобранител и други кривични законици претседателката на Комисијата за хартии од вредност оди понатаму. Во оваа криминална организирана акција, не можејќи да ги поништи тансакциите на македонската берза, таа го вклучила директорот на депозитарот за хартии од вредност Шапчевски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине  Шајноски јас разбирам дека сакате да го илустрирате примерот за непочитување, но не да го елаборирате случајот. Мислам дека две минути за илустрација е доволно. Продолжете во врска со Извештајот ве молам.

ДРАГО ШАЈНОВСКИ:

Овој пат и покрај тоа што знаев дека трансакциите на граѓанинот Марковиќ не се поништени на берза, послушно веднаш му ги одзема акциите без никаков срам и страв од законите на оваа држава. Затоа, сметам дека барањето од постојната Анкетна комисија и од Народниот правобранител до органите на државната управа

бараат извештај до Собранието за својата работа, итно да се примени и посебно барам проф. д-р Весна Пендовска и директорот Шапчевски да дадат извештај до Собранието за своите одлуки.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Шајновски ова не е расправа за хартии од вредност. Ние дискутираме за Извештајот на Народниот правобранител. Вие имате начин како тоа да го реализирате.

ДРАГО ШАЈНОВСКИ:

Истото ова барање до Собранието би требало да го исправи Второстепената Владина комисија, за да јавноста чуе и види какви се одлуки се носат таму и колку тие ги почитуваат препораките на Народниот правобранител и правата и слободите на граѓаните.

Имајќи го предвид Извештајот на Народниот правобранител, задоволство ми е да кажам дека ваква професионална и објективна личност е реткост на нашата сцена. Затоа ќе го поддржам Извештајот на народниот правобранител и на неговите служби.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате реплика господине Гештаковски.

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ:

Ја почитувам загриженоста на Народниот правобранител за заштита на човековите права. Исто така ја почитувам и поддршката на г. Шајновски што му ја дава јавно тука на Народниот правобранител, но не можам да сватам да не се бранат и човековите права на 1500 работници од ЕМО - Охрид кој беа брутално исфрлени од работа од новите газди и кој повеќе од една година штрајкуваат барајќи ги своите права за работа.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Шајновски имате една минута.

ДРАГО ШАЈНОВСКИ:

Мислам ценетиот колега не е запознат со случајот така сега прими информации ад хок и не се точни. Новите газди во ЕМО се дојдени 2001 година и до пред вашето доаѓање на власт не е исфрлен ниту еден работник, а примени се 500 нови работници и дека без основа, поттикнати од власта со штрајк, чие барање беше преиспитување на приватизацијата во ЕМО, организираа штрајк и тие се во штрајк, не се исфрлени од ЕМО. Штрајкуваат година и пол. Према тоа газдите жалат за тоа и ги повикуваат секој понеделник да се вратат на работа, но нивната задача им ја поставила власта од СДС е да ја рушат фирмата по секоја цена. А во моментот во ЕМО редовно земаат плата 1500 работници, а 1200 штрајкуваат, но не се исфрлени од ЕМО.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Неждет Мустафа. Ве молам да дискутираме по извештајот на Народниот правобранител за елаборација на случаите си има механизам за тоа.

НЕЖДЕТ МУСТАФА:

Би сакал да се инволвирам во Извештајот на Народниот правобранител по втора година по неговиот Извештај и да се задржам на неговиот Извештај во однос на инволвирањето на ромската проблематика во нивните активности. Навистина морам објективно да го истакнам моето задоволство дека во однос на неговото реферирање и со непристрасното искажување во однос на тешката ситуација, во однос на правичната застапеност и на проблемите што сеуште се застапени во нашата држава, тоа ми дава навистина поттик храбро да делувам со него по однос инволвирањето на ромите во неговата активност.

Морам уште на почетокот да истакнам дека со недоволни податоци располага во Извештајот по однос на состојбата на ромите во сите сегменти на неговиот Извештај.

Понатаму би сакал да истакнам во делот на личната застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната управа и другите органи, затоа што имам јавно овластување, морам да се задржам во однос на неговите начела во Извештајот токму околу правичната рамнотежа за интересите на сите заедници. Токму тука, во овој сегмент сметам дека Народниот правобранител, а од друга страна и недоволното познавање на ромската заедница за улогата и значењето на Народниот правобранител, сметам дека треба во иднина Народниот правобранител во неговите врати да се отвора поширока можност за медиумско информирање на сите други заедници, каква помош можат да добијат од Народниот

правобранител. Токму на овој сегмент, навистина сметам дека барем оваа година ќе има поблизок пристап и инструмент на кој што ќе може и ромската заедница да се инволвира во просторот на Народниот правобранител.

Во одделот на пропорционалната застапеност на заедниците во јавната администрација, сметам дека за тоа веќе доволно реков од моја страна дека ромската заедница недоволно партиципира по принципот на пропорционалната застапеност во јавните ресори, односно извршната и законодавната власт. Сметам дека токму и кај него треба да се има поширок слух и да се иницира, иако ние и партиски имаме дури и во писмена форма поднесено поднесок за решавање на проблемите на ромите за правичната застапеност и интеграција на ромите во Република Македонија.

Овие неколку сегменти токму во овој дел, во однос на првичната застапеност, очеккувам Народниот правобранител во иднина да превземе посериозен ангажман во однос на правичната интеграција на ромите.

Јас навистина сега би сакал да елаборирам еден настан од кој што сеуште сум разочаран во однос на она што со моите колеги, лидери на заедниците се договоривме и ми било дозволено да имаме еден заменик Народен правобранител во однос на новиот закон за Народниот правобранител дури во нашите контакти мене ми било речено дека јас би требало да ги решавам спорните моменти со партијата на ДУИ во однос на заменик Народен правобранител во Куманово. За жал, нашите преговори останаа на ставот на ДУИ дека тие ќе мораат тоа место да го земат, а дури и поддршката на моите колеги лидери од другите заедници и од коалицијата за, не успеавме да се инволвира многу посериозно Народниот правобранител заменик Народен правобранител во Куманово да биде ром. За жал, Куманово остана без Народен правобранител. Се надевам дека во иднина по ветувањето на Народниот правобранител барем во својот ресор во Скопје ќе го задржи ветувањето во текот на месеците кои ќе следат.

Овде имам едно прашање до г. Наумовски кога веќе ромите не го земале тоа место дали некој друг од заедниците има заменик Народен правобранител, или има само Македонци и Албанци заменици на Народниот правобранител, иако тоа веднаш би се косело со правилникот кој што самите вие го донесовте и по кој што сите пратеници знаат дека во тој состав би требало да има застапено и од другите заедници.

Во однос на социјалната и економската положба, односно правата во Република Македонија, она што вие тука го реферирате навистина е за едно општо

задоволство. Во вашата содржина на текстот гледам дека ромите се едни од најзагрозените и живеат во најтешки услови. Мислам дека Народниот правобранител треба да најде инструменти како повеќе да го инволвира овој социјален проблем на ромите и да се најде некое решение и некој предлози во ресорното Министерство за труд и социјална политика, да се подобри социјалниот стандард на ромите, иако во вашиот извештај намален е бројот на социјалната помош на луѓето кои што ја примаат. Сметам дека таму е во најголем удар ромската заедница. Тој ресор сметам дека некоректно се однесува кон ромите кои примаат социјална помош и доста често и вулгарно се однесуваат и некоректно со луѓето кои што едноставно нивната егзистенција е само од таа социјална помош, па дури некому му е тешко и таа социјална помош што треба да ја земе ромската заедница, се наоѓаат милион начини како да им се укине. Така да, во иднина ве молам почитуван Народен правобранител, еве сега и гласно говорам за таа проблематика да наоѓате инструменти како да се сносиме со тешката положба, односно со административната услуга за социјалната помош на ромите, бидејќи масовно ромите се жалат за некорекната земена социјална помош.

По однос во делот на препораките до Владата на Република Македонија, органите на Државната управа и другите органи и организации што имаат јавни овластувања сакам да се задржам на вашиот потез каде што прекрасно вие тоа го забележавте со една транспарентност и информираност, обука и едукација на граѓаните за нивните уставни и законски права. Веројатно во содржината на вашите активности да ги земете предвид, со голем акцент тоа го велам и ромската заедница, токму во областа на информираноста и на обука на одредени ромски кадри кои што можат да им вршат едукација на ромската заедница како да ги користат своите права во однос на вашите надлежности. Благодарен сум на вашиот пример што на страница 48 дадовте еден од многуте примери што ги има за тешката положба на ромите, што сепак придонесовте за успешно решавање на тој проблем. Сметам дека таквите примери какви што ги имате во вашиот извештај ги има во икс број и токму од тие причини си земам за право токму денеска во областа на нашата активност и вашите надлежности да ве замолам доста поорганизирано, а особено повторно велам дека сметам во најкраток временски период во вашите кадровски рамки ќе преземете дефинитивно еден ром, или повеќе роми со што ќе можете на ромите од Република Македонија вие како Народен правобранител првин со вас да почнеме да им помогнеме во процесот на социјалната интеграција.

Во однос на процесот на заштитата на правата од областа на образованието, науката, културата и спортот во вашиот извештај токму тоа го наведовте, она што најмногу им фали и за она што најмногу треба да им се помогне на ромите при уписната политика и сметам дека токму Министерството за образование, вашиот ресор треба да се користи со инструментите со што ќе можеме да им помогнеме на ромите, особено сега во овој уписен месец, сметајќи дека навистина сите се чудиме да имаме рамноправни граѓани со подеднакви услови за образование, тоа би можело да им го дозволиме и на ромската заедница.

Почитуван претседателе, почитуван Народен правобранител,

Ви благодарам на Вашето трпение што ме следевте, се надевам на Вашите одговори и на Вашата експедиктивност во процесот на Вашето работење дека за кратко време ќе ги интегрирате дел од ромската интеграција во редовите на вашата кадровска политика.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Џелили.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитуван претседател, почитувани дами и господа,

Треба да биде претставникот на Владата на седница.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам министерот за правда да влезе во салата.

Службите нека го известат министерот за правда дека пратеникот кој што сега е на говорница сака пред него да го каже својот став.

(Министерот влегува во салата).

Повелете господине Џелили.

ЗУДИ ЏЕЛИЛИ:

Бидејки го прочитав со внимание Извештајот за 2003 година на Народниот правобранител, во кој собрани серија информации во поглед на повреда на слободите и правата на граѓаните, оваа значајна институција предвидена со Уставот и законот за минатата година констатира дека имало повреди на слободите и правата на човекот и како причина за овие повреди била и тешката безбедносна

ситуација, нестабилната состојба, меѓуетничките односи биле лоши, тешка економска сосотјба, реформите биле забавени и незавршени во јавната администрација, во судството тоа е лошо. Потоа, обврските што произлегуваат од Охридскиот договор се неимплементирани. Тоа се и биле појави кои го отежнуваат остварувањето на слободите и правата на граѓаните.

Од сето ова произлегува дека граѓаните немаат многу доверба во институциите на државата, бидејки не функционира правната држава и ниедно право не може да се реализира без мито, корупција, пријателски врски, непотизам и партиска определба. Како што се гледа од сето ова што веќе го кажав, во 2003 година имало флагрантни повреди на слободите и правата на човекот, а доказ за тоа е фактот што има 3800 претстапки, што преставува пораз од 38,71% во споредба со минатата година. Овие факти докажуваат дека демократските процеси во државата се развиваат многу полека.

Исто така, во Извештајот се нагласува дека голем број граѓани се обратиле до Народниот правобранител и обавиле 4000 разговори или средби, а исто така имало и над 5000 телефонски јавувања. Кога ќе се земе предвид големиот број граѓани кои сеуште немаат доволно сознанија за институцијата омбуцман , Народен правобранител, тоа е доказ дека ситуацијата е алармантна во поглед на остварувањето на слободите и правата на граѓаните.

Што се однесува до претставките, би сакал да се осврнам на претставките по области. Најголем број претставки се во областа на судството и тоа 416 случаи или 16% од претставките се во оваа област. Овде нема потреба од коментари, бидјеки неколку пати сме кажале, што се однесува до судството, состојбата е катастрофална, а во оваа насока имало реакции и од многу меѓународни фактори. Со еден збор, граѓаните кои имаат пробелми со судските процеси и судските спорови, нивните проблеми се решаваат многу полека како и серија други проблеми. Овде има плагрантно газење и повреда на правата на граѓаните.

Во областа на работните спорови, регистрирани се 406 претставки или 15,9% од општиот број претставки. На страница 66 од Извештаот може да се види кои се тие случаи на луѓе на кои им се направила неправда на работа, отстранувајки ги од работното место како резултат на реваншизам. Имаме отпуштање од работа од Електростопанство, отпуштање од работа во областа на здравството и во други области. Има случаи кога воопшто не се доставени претставки до Народниот правобранител бидејки се помириле со судбината дека се жртви на реваншизмот и

ако сакате можам да споменам и конкретни случаи, меѓутоа, Народниот правобранител во Извештајот опфатил повеќе случаи.

Истот ака, што се однесува до претставките од областа на полициската дејност, посебно во табелата 3 на страница 8 е дадено отсликување на претставките според етничката припадност, што е исто така интересно и ако ја анализирате оваа табела ќе забележите дека во Македонија, освен дискриминација на граѓаните воопшто, има и етничка или верска дискриминација. Еве зошто. Од 313 претставки, 136 се поднесени од македонци, 129 од албанци, 11 од бошњаци,17 од роми, 6 од срби, 4 од муслимани, 2 турци и 7 други. Ова претставува извеШтај кој паЃа во очи. Од 177 случаи на немакеоднските заедници, двапти повеќе случаи од македонските има. Истата ситуација се појавува и во другите области кога се во прашање претставки според етничката припадност. Имајки предвид дека граѓаните албанци сеуште не се жалат во голем број од причина на  недоверба во државните институции, тогаш реалната состојба е поинаква, односно многу по негативна.

Ќе ја поткрепам оваа теза соуште еден факт. Националниот демократски институт во Македонија има отворено неколку канцеларии за контакти со граѓаните и една таква канцеларија е отворена и во Гостивар. Во оваа канцеларија, каде што јас примам граѓани, се јавиле над 100 граѓани и се регистрирани случаи кога побарале помош, затоа што разни институции им создавале проблеми во врска со реализацијата на нивните права.  Од овие 100 случаи ни еден не се јавил кај Народниот правобранител, што значи бројот на граѓаните кои имаат проблеми со државните институции е многу поголем.

Кога се гледа Извештајот или релацијата Народен правобранител-државни институции и слабата соработка, голем број граѓани немаат доверба и можеби не се обраќаат до народниот правобранител. Од 2132 барања или писмени соопштенија за ургенција  кои се испратени до државни органи од страна на Народниот правобранител, земени се предвид само 500 случаи и на овие средби или барања од Народниот правобранител се поканети 27 службеници, 8 од нив се високи функционери носители на значајни фукции и ни еден од нив не одговорил на поканата да се сретне со Народниот правобранител и да ги разгледа предметите или претставките од страна на граѓаните. Не се прифаќаат информациите на Народниот правобранител кои се испратени до државните органи и тоа: јавните организации добиле  8 информации и од нив признале само 4; соодветните минситерства добиле 95 информации а признале само 36 од  нив; Владата добила од страна на Народниот правобранител 101 инфорамција, а признала само 41

информација; Парламентот добил 5 информации, не признал ни една, односно од 216 испратени инфорамции, признаени се само 81 што покажува какво е нивото на соработка на институцијата Народен правобранител и државните органи.

Ќе се осврнам и на констатираите штети кај слободите и правата на граѓаните. Според законот, ако Народниот правобранител по разгледвуање на претставките констатира повреда на уставните или законските права на граѓаните, бара од соодветните органи да ги елиминираат неправдите за да можат граѓаните што по слободно и на поефикасен начин да ги реализираат своите права. Значи Народниот правобранител треба да интервенира со цел да се придонесе во подобрување на работата на професионалните служби на државните органи и на органите и организациите кои имаат јавни овластувања. Меѓутоа, бидејки веќе беше изнесено на какво ниво е меѓусебната соработка, мислам дека Валдата треба да преземе нешто во оваа насока, за да се подобри соработката и да се овозможи народниот правобранител да може да интервенира и да се елиминираат неправдите кои им се прават на граѓаните, а истовремено Народниот правобранител да може да ја врши својата работа која ја гарантира Уставот и законите. Во други извештаи има податоци кои покажуваат кои органи и организации ги повредуваат најмногу уставните и законските права на граѓаните и јас извлеков неколку од нив. Во 79 случаи тие се одговорни лица, значи службени лица на Министерството за труд и социјална политика, и директно овие лица игнорирајќи ги правата на граѓаните прават повреда на слободит еи правата на човекот. 75 случаи или акти или дејства од лица на Министерството за финансии, 75 други случаи од Министерството за одбрана, Министерство кое во јавнсота лансира факти дека е подготвена Републиката за зачленвуање во НАТО. Оваа година имаме многу претставки од граѓаните за ова Министерство до Анкетната комисија за заштита на слободите и правата на човекот, каде се прави повреда на слободите и правата на човекот, со заменвуање на работното место на вработените кои имаат статус на државни службеници. Има 51 случај од јавни претпријатија и 48 случаи од Министерството за внатрешни работи. Од сето тоа, 550 интервенции кои ги направил Народниот правобранител, органите дејствувале само во 356 случаи, додека не дејствувале во 149 случаи или изразено во проценти не дејствуале во 35% од случаите. Во органите кои најмногу не ги почитувале овие предлози се: Министерството за финансии, Министерството за транспрот ив рски, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за внатрешни работи.

Што се однесува до мерките и активностите на Народнито правобранител за заштита на начелото на недискриминација и правично и соодветно застапвуање на заедниците во органит ена државната управа и други органи кои имаат јавниовластувања, ќе се осврнам и на тоа и ќе видиме дека во оваа насока многу малку е работено. Ова е една нов анадлежност на Народниот правобранител, која сега е предвидена со Законот за народен правобранител, според која треба да се преземат дејства и мерки за заштита на недискриминацијата. Истовремено , првичната и соодветна застапеност на заедниците во органите на државната управа и другите јавни органи, во Извештајот се вели, имајки ја предвид тешката финансиска ситуација за ограничувањата со кои се соочува државата, како и потребата од намалување на државната администрација, тоа се причини поради кои, според Народниот правобранител, ова начело не може да се имплементира. Меѓутоа, бидејки ова е начело кое произлезе од Охридскиот договор, Владата и сите државни органи и организации кои имаат јавен карактер треба да го почитуваат и да заживее ова начело кое произлезе како Усртавна обврска. Во врска со непочитувањето на ова начело Народниот правобранител најавува дека можеби се задоцнило за да не се направинекоја социјална или друга неправда, затоа што треба да излезат од работа макеоднци, а да се вработат албанци и т.н. Токму тука имам забелешка. Добро е што тој се грижи да нема социјална или некоја друга неправда, меѓутоа, немојте да заборавите дека албанците во Република Македонија се дискриминирани веќе  и никој не се грижел за судбината на ова население, а нормално и за другите заедници. И јас сум за тоа да се грижи, кога е во прашање вработувањето, од причини што секој ја обезбедува егзистенцијата работејки, меѓутоа, државата треба да најде начин и механизам како да дојде до реализација на ова начело содржано во Охридскиот договор. Можеби со испраќање во предвремена пензија таа група луѓе кои се блиску до одење во пензија и наоѓајки други начини за почитување на ова начело кое е толку значајно за албанците, од причина што нереализирањето на ова начело ќе остави долгорочни последици за државата. Истовремено, Владата ќе треба да сноси одговорност за нереализирање на ова начело.

Народниот правобранител во Извештајот дава и сугестии како треба да се реши овој пробем, меѓутоа, без определени рокови. Исто така во Извештајот се вели дека мора да се преземат мерки за реализација на ова начело, ако некој припадник на етничките заедници кои што не е мнозинство ова право го бара од  Народниот правобранител или ако покренал процедура за ваква работа со самоиницијатива.

Меѓутоа, амандманот 11 точка 2 на Уставот на Република Македонија го ангажира Народниот правобранител, го обврзува тоа начело тој самиот да го проследи, што значи во точката 2 алинеја 2 стои дека Народниот правобранител треба да посвети посебно внимание на заштитата на начелото на недискриминација, правична и соодветна застапеност на претставниците на заедниците во државните органи, во органите на единиците на локалната самоуправа и јавните институции и служби. Значи, за да не остане граѓаните сами да го бараат ова право, тоа право е дадено на Народниот правобранител да ја следи оваа ситуација.

Добро е што во Извештајот стои дека во текот на следење на овие ситуации во директен надзор е констатирано дека не се почитуваат правните норми и програмските концепти определени од страна на Владата и другите државни органи, во согласност со Уставот и со Законот. Во оваа насока се работело малку, според Извештајот, во Министерството за одбрана и во МВР, додека во другите области или во другите сектори во министерствата на Владата ова начело воопшто не се почитува.

Што се однесува на правичното и соодветното застапување во самата институција Народен правобранител, Народниот правобранител, вчера рече дека ова начело ќе се почитува во целост и дека канцелариите кои досега веќе требаше да бидат отворени од причина што во Извештајот пишува дека некаде од првото шестомесечии од 2004 година 6 канцеларии треба да се во функција и да се екипираат и екипирањето или стручните вработени и помошници ќе бидат од разни заедници, така што ќе се почитува начелото на недискриминација. И би го замолил , бидејки вети дека ќе го реализира ова начело, јас би го замолил, да ова се направи што побрзо за да порасне довербата во оваа значајан институциија и граѓаните имаат силна подршка кога во прашање е повреда на слободит еи правата на истиот. Значи како општа проценка е дека степенот на безбедноста, почитувањето и заштитата на слободите и правата на граѓаните , уште не е на потребното ниво кое што би било задоволително. Има подобрување, меѓутоа уште не е на потребното ниво, и сите заедно треба да се ангажираме да порасне ова ниво, да се зголеми бидјеки ова се основните критериуми, главните критериуми за вклучување на Република Македонија во меѓународните организации во Европска унија и во НАТО. Граѓаните нивните права ги реализираат многу тешко и полека, како разултат на долгите судски процеси, злоупотребите, непочитувања на законските правила, не соработката и не координирањето на органите меѓусебе. Значи се јавува вистинска бирократија, кој што не ги почитуваат актите и одлуките на органите од еден до друг

орган. Истовремено стариот менталитет на некои службеници, кои овие процедури ги зголемуваат. И ако ги анализираме еден по еден случаите ќе видиме дека кога се во прашање судските процедури сите знаеме кои се тие отежнати услови на кои што наидуваат граѓаните, значи нерешени случаи , предмети долго време, независноста на судиите да некој може и да им сугерира или да влијае да бидат поефискани и можеби и на граѓаните полесно да им се создадат услови, да може да им се одговори.

Кога се во прашање казнените институции, условите во затворите се многу тешки, што се однесува во хигиената. Инвестиции во затворите воопшто не постојат и оваа категорија на луѓе истовремено е во многу опасност во државата.

Претставките и проблемите што се јавуваат на граѓаните од областа на урбанизмот и градежништвото. И таму има проблеми со деталните урбанистижки планови, со дозволите за градење, со дивите градби, со неефикасност на републичките и локалните инспектори за да ги прекинат овие појави и потоа штетите да им се надоместат. Значи, граѓаните истовремено имаат материјални штети, а овие проблеми и штети доаѓаат од неажурноста на државните органи.

Ќе застанам повторно малку кај полициските поставки и заштитата на правата на членовите на припадниците на заедниците што не се мнозинство. Тука Народниот правобранител собрал многу карактеристични случаи каде има флагрантни повреди и тоа: прашањето на државјанството, непризнавањето на документите на УМНИК, проблемите што се создаваат на граѓаните кои имаат брачни врски со жители од Република Косово, случајот на сопот, надминувањето на надлежностите од страна на полицијата, посебно штетите што се создадени при интервенирањето, намерно што се направени материјалните штети, случајот на ромите од Куманово. Овој случај е разгледан и на анкетната комисија и е случај каде има флагрантна повреда. Дваја роми од Куманово се обвинети дека направиле кражба на некои средства, тепани се до онесвестување и на крај е констатирано дека не биле тие двајца, туку тоа го направил некој друг и сега луѓето се соочуваат со последици, последици кои што се резултат на едно брутално интервенирање на инспекторите на Министерството за внатрешни работи. Меѓутоа во овој случај не се преземени дисциплински мерки, така што луѓето невини сега ги лечат своите рани.

Од сето ова произлегува дека Народниот правобранител како институција е гарантирана со Устав и закон и државните органи треба да и помогнат да ја врши својата дејност. Тие се соочуваат со игнорирање на разни службеници и во конкретни случаи институциите ги штитат своите службеници на штета на граѓаните.

На крај, јас ќе го поддржам овој извештај, што се однесува на говорот на пратеникот Неџдет Мустафа тој бара помош од Народниот правобранител и добро е што Народниот правобранител е надеж, институција која што на сите кога ќе ни се повредат правата и слободата може да му се обратат, меѓутоа, тој истовремено да побара помош од Владата бидејќи тој со својата партија е членка на Владината коалиција.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитуван народен правобранител, почитувани колеги пратеници,

На почеток сакам во својство на претседавач на Анкетната комисија за заштита на човековите права и слободи како известител за оваа седница да ве информирам за она што беше дискутирано по однос на извештајот на Народнот правобранител за 2003 година од кој што може да се согледа степенот на почитување на човековите права од органите и организациите на државната управа и органите кои вршат јавни овластувања.

Овој извештај според Народниот правобранител не треба да се гледа само како на исполнување на законска обврска која што произлегува од Закон, туку пред се и над се како на инструмент кој што покажува за тоа колку се почитувани граѓанските и човековите права во Република Македонија. Беа истакнати три аспекти во овој извештај.

Прво, се однесува на тенденцијата на пораст на бројот на преставки со кои граѓаните се обраќаат на институцијата Народен правобранител на Република Македонија. Оваа тенденција укажува на два факта.

Прво, дека е зголемена довербата во институцијата народен правобранител,

Второ, имаме ситуација на постојана повреда на човековите права од страна на органите на управата и институциите со јавни овластувања.

Извештајот е доста релевантен за меѓународните организации, не само за Република Македонија, не само за граѓаните на Република Македонија, туку и за меѓународните организации кои што се занимаваат со оваа проблематика и овие организации токму врз основа на овој извештај ги ценат состојбите со човековите права во Република Македонија.

На седницата на Анкетната комисија за човекови права го слушнавме и апелот на Народниот правобранител кој што апелираше седницата на ова Собрание

на која ќе се разгледува овој извештај да не остане само на констатации за почитување на укажувањата на народноит правобранител кој што ги има во извештајот, туку пред се да се задолжат органите кои се наведени во извештајот да дадат отчет пред Собранието затоа што е преземено во врска со упатените препораки и барања од страна на Народниот правобранител.

Факт е дека има реално поголем број на повреди на правата од оние кои што се евидентирани во овој извештај, а тоа е од повеќе причин. Тоа е што поголем дел од граѓаните на кои им се повредени човековите права, не упатиле претставки до Народниот правобранител, а еден дел заради најразлични причини не сакале тоа да го сторат имајќи предвид дека состојбите во оваа област сеуште не се на она ниво кое што треба да го има една вистинска и демократска држава.

Исто така на оваа седница беше искажано дека сеуште нема ниту еден случај на поднесена одговорност за кршење на човекови права што е еден добар знак за игнорантскиот став на институциите, па во таа смисла постојаната Анкетна комисија преку изготвување на свои наоди, кои што постојано ги третираме на нашите седници и сигурно во секој случај во соработка со Народнот правобранител на Република Македонија треба во целост да ги реализира своите надлежности кои се однесуваат на утврдувањето на овие повреди на човековите права и истовремено лоцирање на одговорноста за повредите на човековите права и барања на одговорност на носителите на јавни функции кои што ги извршиле овие повреди.

На крајот, по однос на седницата на Анкетната комисија сакам да истакнам дека навистина сите ние треба да се вклучиме во барањето за отчетност од органите и институциите со јавни овластувања по однос на барањата, претставките, укажувањата кои што ги дава народниот правобранител до нив и посебно оние кои што подолго време стојат нереализирани, затоа што факт е дека  на тој начин самата функција Народен правобранител се девалвира и на тој начин се онеспособува неговото влијание во насока на борба за намалување на кршењето на човековите права и борба за почитување на уставните одредби кои се однесуваат на оваа проблематика.

Комисијата едногласно донесе одлука да го поддржи овој извештај.

Тоа е во име на Комисијата, а сега сакам да направам еден увод кој што се однесува на темата за денешната дискусија. Значи како што кажав на почетокот овој извештај не треба да се гледа само како на исполнување на законска обврска на народниот правобранител, туку една добра шанса на Парламентот на Република

Македонија да се согледа колку се почитувани граѓанските и човековите права во Република Македонија од институиците на власта.

За да може да го утврдиме ова, мора прво да се навратиме на Уставните одредби кои што се однесуваат на човековите права, односно да видиме што е тоа што го кршат овие институции.

Значи основните слободи и права на човекот и граѓанинот заедно со поделбата на власта на законодавна, извршна и судска претставуваат темелни вредности на уставниот пореодк на Република Македонија. И во сегашната преамбула најновата на Уставот на Република Македонија е утврдено дека конституирањето на суверена и самостојна Република Македонија е покрај, значи за обезбедувањето на мир, социјална правда, економска благосостојба и владеење на правото, и со намера да се  гарантираат човековитре права и граѓанските слободи. Значи тоа е внесено во самата основа како темелна вредност на постоењето на Република Македонија.

Во амандманот 8, од Уставот е утврдено правото на припадниците на заедниците, слободно да го изразуваат, негуваат и развиваат, својот идентитет и особеностите на своите заедници со гаранција на заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на сите заедници. Овие основни права и слободи на човекот и граѓанинот се признати и во меѓународното право и се утврдени значи во Уставот на Република Македонија. Спорд овие акти, граѓаните се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената положба. За ова имавме прилика да дискутираме на едно од претходните седници во однос на квотата за учество на жените во локалните органи.

Исто така неприкосновени се животот, физичкиот, и моралниот интегритет на човекот, неговата слобода. Гарантирана е слободата на уверувањето, совеста, мислата, јавното изразување на мислата. Со членот  17 од Уствот Република Македонија гарантирана е слободата и тајноста на писмата и на сите други облици на општење. Исто така е гарантирана сигурноста и тајноста на личните податоци и слободата на вероисповеста. Со Уставот се гарантираат и слободата на здружување, заради остварување и заштита на граѓанските политички, економски, социјални, културни и други права и уверувања неповредливоста на домот, првото на сопственост, правото на наследување, правото да избира и да биде избиран секој деловно способен граѓанин.

Значи, кога го разгледуваме овој извештај секогаш треба да ги имаме во предвид овие уставни одредби кои што се прифатени и во многу меѓународни акти.

Во Уставот стои дека секој има право на работа. Дека има право на социјална сигурност. Дека е гарантирано правото на штрајк. Дека има гаранции за правото на здравствена заштита. Правото на здрава животна средина. Значи, секој граѓанин исто така има право на образование кое треба да биде достапно на секого под еднакви услови. Меѓутоа, доколку сите овие права и слободи, не се почитуваат или се повредуваат секој граѓанин може да се повика на заштита на слободите и правата утврдени со Уставот, пред судовите и пред уставниот суд на Република Македонија. Значи се гарантира судска заштита на законитоста на поединечните акти на државната управа и на другите институции кои што вршат јавни овластувања.

Денес разговараме претежно за вакви случаи. Остварувањето на правата и слободите на граѓаните е гарантирано и со забраната на повратното дејство на законите и другите прописи, освен кога е тоа поповолно за граѓаните. Како и со задолжително објавување на законите и другите прописи кои што ги донесуваме во овој Парламент и од страна на другите органи на државата.

Слободите и правата можат да се ограничат само со Уставот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Блаже Стојановски, за да бидам рамноправен према сите, вашите 5 минути за вовед завршија бидејќи Уставот сите го знаеме, ве молам дискутирајте за извештајот на Народниот правобранител.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Добро, незнам дали сите го знаеме, затоа го кажувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го знаеме сите Уставот, не треба да не потсетувате и фактички да дискутираме за Уставот а не за извештајот на народнот правобранител. Ве молам поминете на темата што е точка на дневниот ред.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Добро, претседателе, ќе ви верувам и еве тоа беше она што сакав да го кажам, затоа што темата е токму овие одредби од Уставот односно почитувањето на човековите права и слободи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро, затоа јас и дозволив пет минути, да тоа го кажете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Во ред е нема проблем.

Значи слободите, овие слободи и права можат да се ограничат само со Устав. Друг начин на ограничување од било која институција од државата со било каков акт е невозможно според Уставот на Република Македонија.

Во оваа прилика сакам да ве запознаам со дел од Извештајот кој што е посветен на институциите за човекови права, кој што е усвоен во рамките на економско социјалниот совет на Обединетите нации, на 60-тата седница на Комисијата за човекови права која што ја одржаа на 15 јануари 2004 година, а во согласност со Резолуцијата на Обединетите нации број 2000/61 од страна на специјалниот претставник на генералниот секретар за положбата на бранителите на човековите права Хина Џелали, при нејзината посета на Република Македонија.

Во делот на овој извештај кој што е посветен на институциите за човекови права, стои домашните институции за човекови права може да им обезбедат суштинска поддршка на бранителите на човековите права преку поведување прашања пред Владата и Парламентот и обезбедување на долгорочни решенија на пример, преку промена на законодавството и специјалниот претставник ги бележи важните одговорности во однос на човековите права на уставниот суд државната изборна комисија и што е најважно на Парламентот имено, преку Собраниската комисија за човекови права која постои низа години но дури од неодамна поблиску се вклучи во испитувњето на конкретни случаи на прекршувањето на правата.

Бранителите на човековите права изразија одредено незадоволство во поглед на она што тие го сметаат како ограничено делување од страна на претходно наведената комисија.

Во резимето на овој значаен Извештај е искажана и генералната загриженост дека заедницата на бранители на човековите права не поседува капацитет да одговори на предизвиците и дека е потребно делување на државата, меѓународната заедница и самите бранители за да се поправи оваа состојба.

Бидејќи извештајот се однесува на Буквално истата тема на која што се однесува и Извештајот на Народниот правобранител јас сакам врз основа на една споредбена анализа да се види, да ви прочитам два дела од овој извештај кој што потоа ќе ги анализираме во контекст на она што го има презентирано народнот правобранител во 2003 година.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стојановски јас би ве замолил и се знае кој е Извештајот на Народниот правобранител, а не извештајот на Комисијата за Обединетите нации или ова што вие го спомнувате овде.

Ве молам. Држите се до точката на дневниот ред.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Точката на дневен ред господине претседателе е состојбата со човековите права во Република Македонија, која што е презентирана со Извештајот на Народниот правобранител.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се знае конкретно кој извештај го гледаме.

Вие можете и општа декларација од Обединетите нации да читате овде, а ние зборуваме за Извештајот на народниот правобранител.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Ако ова не е тема за која што зборувам, јас незнам за која би требало да зборувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За извештајот на Народниот правобранител, како што г-динот Зуди Џелили зборуваше половина час, ниеден милиметар не отстапи од темата и од Извештајот.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Може ли да продолжам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжете, а третиот пат ќе ве исклучам.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Значи, она што е согледано од страна на Народнот правобранител и тоа што го имаме добиено во рамките на Извештајот за човековите права во Република Македонија и за повредите на тие човекови права во 2003 година во целост се совпаѓа со она што е презентирано и од релевантни меѓународни институции, а кое што ние тука можеме да го анализираме, ако имаме можност за таа работа.

Значи, после усвојувањето на Законот за Народниот правобранител од страна на овој Парламент, кој што влезе во сила на 1 октомври 2003 година, сметам дека позицијата на Народниот правобранител на Република Македонија, материјалните и финансиските претпоставки за неговата работа, кадровското екипирање со внимание кон соодветната застапеност на етничките заедници, потоа односот на органите на управата, организациите и институциите кои што вршат јавни овластувања кон неговите барања, препораки, претставки, односот на носителите на јавните функции кон Народниот правобранител во смисла на одговори на неговите барања, потоа на неговите барања за остварување на средби и постапувањата по препораките на Народниот правобранител, се разбира и отчетноста за

постапувањето по неговите препораки, претставуваат една позитивна ситуација која што треба да се наградува, а која што треба да произлегува од согледувањата кои што ги имаме преку вакви извештаи, како што имаме на дневен ред на седниците на Парламентот само еднаш годишно, сметам дека треба да им се посвети многу позначајно внимание, затоа што се работи за суштински прашања кои се однесуваат за сите политички парити, се однесуваат за функционирањето на демократијата во Република Македонија, а пред се на основниот принцип. Тоа е принципот на владеење на правото кое треба да биде цел кон кое ќе се стремиме сите ние.

За да може да се обезбеди  ситуација за ефикасна заштита на човековите права е да се постави судството во независна позиција.

Меѓутоа, ситуацијата во Република Македонија секако, еве слушнавме и од експозето на мандатарот на Владата на Република Македонија при изборот на Влада дека реформите во судството претставуваат приоритет на новата Влада и се надевам дека приоритетот на новата Влада е во функција и на зголемување на можностите за заштита на повредените човекови права и слободи преку ангажманот на судските органи во Република Македонија. Меѓутоа, пред се' како независни органи, како трета власт во Република Македонија. Факт е дека со поголем број прописи кои што беа донесени од овој Парламен минатата година и преку именувањето на личности и сите оние случувања кои што беа во текот на тој период драстично се стави под сомнеж независната позиција на судството во Република Македонија. Тука би ги спомнал пред се' ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стојановски, трет пат ве прекинувам, судството не е точка на дневен ред. Држете се на точката на дневен ред, за Извештајот.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Добро претседателе, ќе зборувам точка по точка во Извештајот каде ќе бидат наведени сите овие точки за кои што зборувам. Имате заштита на човекови права.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

20 минути зборувате, а воопшто не сте почнале со Извештајот. Кажете, на таа и таа страница судството се спомнува. Почнувате со Устав, до декларации, со судство.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Во Извештајот на страна 33 точка 3 и точка 5, почитување на начелото од член 24 од Уставот на Република Македонија, со наслов таков, стои: Во член 24 од Уставот на Република Македонија предвидено е дека секој граѓанин има право да поднесува претставки до државните органи и другите јавни служби и на нив да добие одговор. Од претставките и контактите со граѓаните констатирано е дека ова начело државните органи и јавните служби во основа не го почитуваат. Така што, повеќето од носителите на јавните функции не само што не одговараат на претставките на граѓаните, туку и непосреден контакт со нив е речиси невозможен. Оваа констатација произлегува и од личното искуство на Народниот правобранител. Читам дел од Извештајот кој што ни е предмет на расправа. Значи, целта на Собранието на Република Македонија и на оваа расправа не е дали да го усвоиме со обично гласање овој извештај, туку целта е да укажеме на сите оние потребни активности и однесување кои што треба да ги имаат носителите на јавни функции, односно оние кои што се задолжени да ги почитуваат и остваруваат човековите права и слободи во Република Македонија.

Во однос на законската регулатива која што се однесува на ова прашање, иако е недоуредена и во некои области не соодветна и застарена, сепак ценењето дека истата не е единствена пречка за ефикасно остварување на правата на граѓаните, туку причината е во сеуште присутниот расчекор на нормираното и практично реализираното, што не е случај само во оваа област на човековите права, туку и во вкупното функционирањето на државните институции на Република Македонија каде што имаме случаи кога постојат многу закони, меѓутоа нивната реализација е проблематична. Значи, доследното почитување на законската регулатива која што се однесува на оваа сфера е еден од битните услови за надминување на овие состојби.

Судските постапки, јавното обвинителство, казнено - поправните и воспитно поправните установи се претставуваат еден дел каде што се случуваат и каде што има претставки доставени до Народниот правобранител каде што се наведени проблемите кои што се однесуваат на овие сфери. Сметам дека тоа може

многу пошироко да се елаборира, меѓутоа, со оглед на тоа дека времето ни е ограничено, затоа што ова претставува обемен извештај кој што ги допира буквално сите сфери, сите области на општественото живеење, сметам дека треба да направам напори да ги прескокнам овие теми. Меѓутоа, сакам да се задржам на препораките до Владата на Република Македонија, до органите на државната управа и другите органи и организации што имаат јавни овластувања. Овие препораки, усвојувајќи го овој извештај, мислам дека треба да бидат задолжителни за овие инситуции, а се однесуваат на тоа во иднина да обезбедат перманентно и синхронизирано усогласување на законодавството со Уставот на Република Македонија и меѓународните правни акти и документи, како и негова доследна примена. Совесно, одговорно, ажурно и навремено постапување по барањата на граѓаните при остварувањето на нивните уставни и законски права, доследна примена на уставните начела за недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните установи и служби, одговорен однос и навремено и доследно почитување на барањата, препораките и другите интервенции на Народниот правобранител, како и поголема транспарентност, информираност, обука и едукација на граѓаните за нивните уставни и законски права.

Правата од работен однос претставуваат посебна приказна во овој извештај и за нив и се задржа во досегашното работење и овој Парламент, а се однесуваат како што знаете на испуштањета од работа од Електростопанство на Македонија, потоа специфични и најбројни како што е наведено од страна на Народниот правобранител во овој Извештај се претставките што се однесуваа на правата на работниците во образованието и таму е наведено дека со оглед на тоа што во 2003 година и претходеа парламентарните избори што беа одржани на 15 септември 2002 година промените во власта се одразија и на вработените во основните и средните училишта, каде беа разрешени стари и именувани нови директори. Се чини дека функцијата директор никаде не беше поисполитизирана и партиски ориентирана отколку кај директорските места во државните училишта. Скоро во сите претставки со вакви наводи Народниот правобранител констатираше повреда на правата на претходните директори, бидејќи одлуките за разрешување по правило беа без образложение.

Од друга страна при именувањето на новите директори во многу случаи не беа почитувани мислењата за кандидатите дадени од Управниот одбор на

училиштето, од Бирото за образование и тн. Значи, сите овие точки ги имате содржано во овој Извештај. Јас не сакам да ги читам тука, како што кажав не сакам повеќе да одолговлекувам во однос на зборувањето. Сакам само да ги повикам Владата на Република Македонија, судовите, другите органи, организации и институции кои што имаат јавни овластувања доследно да ги почитуваат законите во целост, значи не само во сферата на работните односи за кои што сега зборував, туку законите кои што се однесуваат на сите овие области кои што се содржани во Извештајот, да се оствари една тенденција на деполитизација, односно департизација на директорските и другите раководни места, особено кога се работи за образовниот систем, а секако и за другите области на живеењето, максимално да се почитува институцијата оглас, а вон областа на работните односи да се врши соодветно распоредување на работниците согласно нивната стручна подготовка, како и да се дефинира статусот на државните службеници и навремено да се постапува и да се почитуваат барањата, интервенциите на Народниот правобранител.

Сакав да зборувам за уште неколку работи, за оштетата на лицата на кои што им се повредени човековите права, меѓутоа, имајќи во предвид дека оваа многу битна област не претставува област која што претставува интерес за поширока и подолга дебата, се надевам дека овие теми ќе ги отвориме повторно и дека ќе имаме прилика да дискутираме не само за годишни извештаи на Народниот правобранител, туку и за посебни извештаи ќе расправаме на ова Собрание, затоа што во суштина тоа е и нашата работа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дозволете само да кажам неколку збора. Јас во потполност се согласувам со вас господине Стојановски дека целта не е Извештајот само да се усвои, туку да се прокоментираат и одредените постапки како на извршната, така и на законодавната власт, која што ќе ја подигне фунцијата и важноста на Народниот правобранител. Само вие заборавате дека тргнувајќи за таа цел, вие на почеток на некој начин ја згрешивте работата. Вие 20 минути зборувавте за едни општи декларации и на тој начин не не удостоивте со времето да ги чуеме сите оние работи што имавте да ги кажете.

Процедурално, Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, јас жалам што морам ова да ви го кажам, меѓутоа, сметам дека не е во ред што нон стоп ги коментирате говорите на пратениците и на опозицијата и на позицијата, меѓутоа ќе си дозволам да речам, повеќе на опозицијата. Сметам дека тоа не е ваше право и би требало во иднина да не постапувате така и доколку сметате дека како еднаков меѓу сите нас што сме овде, да се јавите за збор, можете да говорите по однос на ова, да дадете реплика. Меѓутоа, на овој начин сметам дека говорите на пратениците ќе одат во друга страна.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не, господине Коце Трајановски, јас можев да го прекинам господинот Блаже Стојановски, бидејќи 20 минути воопшто не беше во врска со темата на дневниот ред. Можев и тоа да го направам, но, јас тоа не го направив и јас само сакав да бидам корисен за да се чуе конкретното мислење на господинот Блаже Стојановски, во врска со Извештајот на Народниот правобранител и да ги каже тие работи. Во иднина, ако сакате можам и така да постапувам, а имате право, понекогаш ќе имам и говор.

Процедурално Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, ако ме следевте добро, на почетокот кога излегов на говорница, јас кажав дека сакам како известител на Постојаната анкетна комисија за човекови права најпрво да дадам известување за седницата на Анкетната комисија. 10 - 15 минути зборував како известител, а потоа сакав да го кажам моето лично мислење по однос на Извештајот, кој што се однесува не само на бројки, туку се однесува на суштина, односно на почитувањето, или непочитувањето на човековите права. И тоа го направив повикувајќи се на Уставот на Република Македонија каде што ги наведов кои се тие права кои што се, или не се повредени.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро, господине Стојановски, тука не можеме да се убедиме. Јас ќе се искорегирам ако треба да се искорегирам.

Има збор господинот Андан Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Благодарам господине претседател,

Јас како и секогаш ќе се обидам да бидам краток, јасен, конкретен и концизен. Сите знаеме дека прашањето на Народниот правобранител кај нас се регулира со закон за Народен правобранител, закон кој беше усвоен во 2003 година и што претставуваше резултат на уставните измени, затоа што во овој закон освен што се зацврсти, односно зголеми улогата и значењето на оваа институција, се направи и проширување на неговите надлежности. Сега освен традиционалните надлежности на овој орган, односно на оваа институција се обезбеди да го следи почитувањето на уставниот принцип за правична застапеност на етничките заедници. Лично анализирајќи ја информацијата која ни ја поднесе Народниот правобранител, јас дојдов до заклучок дека прво, и покрај фактот дека барањата поднесени од страна на граѓаните од сите етнички заедници нивниот број се зголемува во 2003 година е зголемен некаде за 38% во споредба со 2002 година. И покрај тоа нарушувањето на правата и слободите на граѓаните од сите етнични заедници во оваа година во 2003 година во споредба со 2002 година се намалува. Врз основа на тоа што е презентирано во Информацијата процентот е некаде 8,2% или 8,3%. Од друга страна исто така од Извештајот дојдов до констатација дека поголем број барања поднесени од граѓаните се однесуваат на областа на трудот и социјалната политика, а за среќа во оваа информација намален е бројот, односно бројот е многу мал на претставки против пречекорувања на надлежностите од страна на припадниците на Министерството за внатрешни работи. Сепак тоа што би сакал да го потенцирам во оваа прилика е една забелешка директно насочена до Народниот правобранител и што се однесува до презентираните факти во врска со спроведувањето на новата надлежност која се однесува на правичната и адекватна застапеност на припадниците на етничките заедници. Во оваа насока Народниот правобранител иако во одредена смисла на две - три страници говори за ова начело, сепак никаде, буквално никаде не дава податоци ниту реални факти за тоа на кој начин се спроведува ова начело. Факт е дека ова начело, односно реализацијата на ова начело е долг процес за кое е потребно време. Сепак, јас мислам дека реализацијата, или пак имплементацијата на ова начело може да се направи посебно кога се има предвид дека во ова Собрание пред неколку месеци беа усвоени измени на неколку закони од областа на работнит односи, како што беше Законот за државни службеници, Законот за работни односи, Законот за јавни претпријатија и тн. Со овие закони сите државни органи и служби се обврзани да подготват планови за реализација на правичната застапеност. И во оваа насока

Народниот правобранител како орган кој треба перманентно да ја набљудува и следи реализацијата на овие планови, мислам дека можел да го направи тоа преку контрола на тие планови. И мислам дека во оваа Информација требаше да се даде осврт на податоци, односно да се изразат податоци околу тоа до каде е реализацијата на ова уставно начело.

Второ, моите забелешки околу оваа Информација се однесуваат исто и во однос на преземањето на мерки и заклучоци предвидени во третиот дел каде Народниот правобранител ги дава своите сугестии, препораки и своите констатации на адреса на државните органи во врска со мерките кои треба да се преземат во претходниот период. Тука повторно Народниот правобранител во ниеден случај не спомнува што треба да преземат државните органи и служби во насока на реализацијата на претходно истакнатото начело.

Инаку, лично сметам дека  останатиот дел кој се однесува на заштита на правата и слободите на човекот е за поздравување, затоа што навистина се е поддржано со факти, со аргументи . Лично сметам дека ќе го поддржам, но со сугестија во иднина би го замолил на прашањето на имплементацијата на начелото за адекватна застапеност да се посвети посебно внимание . Јас мислам дека и за ова прашање треба да се дадат конкретни  податоци и факти.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас се надевам дека по однос на овој Ивештај повеќе ќе се вклучат пратениците од ДУИ кои се докажани борци за човекови права, особено кога се има предвид фактот што во  Тетово во 2003 година, има пораст на претставки од граѓаните кои се зголемени за 100% во однос на 2002 година. Да ве потсетам, повредите на човековите права се вршат од страна на функционери кои што се поставени од власта, од коалицијата од СДСМ и ДУИ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута г-дине Аднан Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Јас колегата би го насочил на Информацијата за која што дебатираме денес, затоа што народниот правобранител многу добро констатирал дека во споредба со претходната година, односно 2002 година, кога на власт беа тие , нарушувањето на правата и слободите на граѓаните е намален за 8,2% и покрај фактот дека барањата за заштита на човековите права се зголемени за некаде 40%. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Мавровски, а нека се подготви г-динот Жарко Караџоски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам г-дине претседателе ,

Ќе се обидам да бидам конкретен да говорам чисто за извештајот, за годишниот извештај на народниот правобранител на Република Македонија . Очекував дека ќе видам малку поголем интерес кај колегите пратеници во однос на коментарите и во однос на она што беше извештај на г-динот народен правобранител. Тргнувам од работењето на мојата канцеларија во Битола, каде што доаѓаат голем број луѓе со големи поплаки. Голем дел од тие претставки беа препратени до г-динот народен правобранител и по многу од нив имаме информација, но за жал освен Информацијата друго како решение за граѓаните кои ги имаат проблемите, мислам дека во поголем број случаи останаа нерешени. На тоа ќе се задржам малку подоцна кога конретно ќе дојдеме на оние неколку ситуации, кои што во Битола навистина донесоа непријатни ситуации и кои што чекаат разрешница. Дел од нив веднаш после оваа точка за народниот правобранител .

Како што се наведува во Извештајот состојбата и условите во кои дејствувал народниот правобранител, иако подобрени и во развоен позитивен тренд 2003 година, не биле многу поразлични од претходната година.  Како специфични услови во кои работел народниот правобранител во 2003 година, се наведуваат, подобрената но сеуште нестабилна безбедносна состојба на која што сите сме сведоци, нарушените меѓучовечки односи, тешката материјална и економска криза на државата, бавните и сеуште недовршените реформи во јавната администрација, судството и локалната самоуправа  , кои беа како обврска од Рамковниот договор во 2001 година. Неефикасноста и не до крај спроведената трансформација на општествениот капитал и децентрализацијата и последното што е многу битно разнишаната доверба на граѓаните во институциите на системот и во

функционирањето на правната држава, за што граѓаните сметаат дека ниту едно право неомже да се оствари без мито, корупција, пријателски врски, непотизам, партиска припадност и сл. Сето ова уште повеќе ги убедува нашите граѓани гледајќи ги случаите и како тешко доаѓаат до правата вистина.

Оценката за условите ја сметам за принципелна во извесна мерка, бидејќи ценам дека довербата на граѓаните во институциите на системот треба да се оцени како исклучително разнишана, имајќи ги предвид натамошните конкретни оценки по области, како и трендот на значително зголемениот број на поднесени претставки кои се во постојан пораст, како и големиот број на случаи на ингорантски однос на надлежните органи по кажувањето на народниот правобранител. Воедно ценам дека треба да се спомене неефикасната владина политика и изразито поразителните резултати на планот на економската политика и некомплементарниот пристап во севкупното делување и тоа како има индиректно влијание и директно влијание врз состојбата на остварувањето на основните права на граѓаните, а дополнително и партизација на институциите на системот.

Позитивна е оценката кој што народниот правобранител успеал во 2003 година, да постапи во вкупно по 3277 претставки, прими на разговор 3916 граѓани и да одговори на повеќе од пет илјади телефонски јавувања. Загрижува зголемувањето на обемот на поднесените претставки на граѓаните во 2003 година, тие се 2605 во однос на 2002 година, 1878 претставки и зголемување на бројто на претставките за една третина или 727 претставки односно пораст од 38,71%. Воедно, за подносителите и за граѓаните од суштинско значење за довербата во народниот прабранител и секако остварување на неговата улога е ажурното постапување. Поради наведеното цениме дека во извештаите што ги добивме за обемот на работата треба да се дадат и податоци за степенот на ажурноста во постапувањето или Извештајот да се дополни со посебен дел ажурност во кој што се псотапувало генерално по претставките и дали има исклучителни случаеци. За жал, импонзатни бројки кои ги отсликуваат ислучиво негативните развојни тенденции во градењето на правната држава можеме да ги видиме од овој Извештај, заради поцелосен пристап на состојбите и можноста од градење на релевантна оценка, промените на состојбите од година во година, покрај компаративниот графички приказ за 2002 и 2003 година, за поднесените претставки треба да се даде и компаративен преглед за две години и за решените предмети и да се даде приказ на примените и решените претставки по месеци. Добро е да се направи анализа во кој обем претставките се јавуваат како резултат на закондската регулатива која е

донесена или изменета во претходната и последната година или на определени мерки кои ги презела Владата или некој друг надлежен орган во споменатиот период. Сето ова го говорам од една причина, затоа што како Парламент донесуваме нови закони, донесуваме нови одлуки и мислам дека е добро да ги контролираме што всушност носиме, дали тие се извршуваат и дали кај народниот правобранител е причина можеби токму донесувањето на новите закони о долуки. Тоа ќе биде добро да го знаеме како пратеници.

Од страна на народниот правобранител до органите на јавната администрација во 2003 година, биле упатени над 2132 барања за писмени известувања и ургенции, но во дадениот рок му било одговорено само во 500 случаи. Народниот правобранител добил одговор од органите на јавната администрација само во 23,5% или помалку од една четвртина од барањата. Ова, секако, зборува за крајно игноранстки однос на власта кон институцијата народен правобранител. Во Извештајот, исто така, се наведува дека од страна на народниот правобранител на разговор биле повикани 27 службенилица, од кои осум функционери, односно раководни службеници не се јавиле на поканата, а од поканетите 46 заради појаснување на претставките не се јавиле 12 лица. Во двата случаи над 20% од поканетите не се јавиле по уредна покана. Знаеме што се случуваше за оние луѓке што не се јавуваа со уредни покани и Парламентот заседаваше за одреден број од нив, но заради обезбедување на можносто за барање на политичка одговорност на именуваните од Собранието, како и одговорност за неизвршување на работните обврски на раководните и други работници, посебно вклучувајќи ја можноста исто лице не постапило во повеќе наврати, поради непостапување по писмено барање на народниот правобранител од една страна и зајакнјвање на кредибилитетот на институцијата народен правобранител, бараме преглед на лицата, функционери и раководни работници, да се прложи како анекс кон овој Извештај. Граѓаните како даночни обврзници мора преку јавноста, а најмалку преку овој извештај да знаат како се однесуваат одделни функционери кога се загрозени нивните права. Исто така, овие лица треба да се објават преку печатот и вепсајтот на народниот правобранител и таму да стојат најмалу една година.

По однос на постапувањето по дставените информации од страна на народниот равобранител состојбата е поразителна, што следува од фактот од вкупно упатените 216 информации се прифатени само 81. До Владата се доставени 101 информација, а постапено е само по 46 или 45 ,5%. До надлежните

министерства упатени се 95 информации, а прифатени се само 36 или 37,9%. До организациите со јавни овластувања упатени се осум информации, а прифатени се четири или 50%, а до Собранието доставени информации, а не постапено ниту по една од нив 100%.

Власта крајно игнорантски се однесува којн институцијата народен правобранител, а бројот на констатираните повреди флагрантно се зголемува . Поради наведеното во извештајот е неопходно да се идентификуваат и бројот на случаите на неприфаќање на информациите по носители. Во овој извештај слушнав некои коментари од моите колеги дека во текот на 2003 година, имаме намалување на преставките во однос на процентот кој што го имаме, но за жал тоа не е така и тоа не е така, затоа што во 2003 година, во Извештајот се наведува дека од 2034 завршени постапки, во 550 случаи е завршена постапката или тоа е 27,04%. Народниот правобранител констатирал повреди на уставните и на законските права на граѓаните, што во однос на минатата година значи намалување за 8,21%. Но, оваа оценка за намалување на бројот на констатирани повреди во 2003 година, за 8,21% во однос на 2002 година, не е точна ако се пресмета математички од расположивите податоци во Извештајот од една страна, а од друга страна компаративниот пристап го прави заклучокот тенденциозен ако не се појасни преку компаративната анализа на апсолутните бројки за бројот на констатираните повреди во годините што се анализирани. Тоа значи, ако во 2003 година, се констатирани повреди во 550 случаи, а во претходните години се констатирани 333 повреди првата и најрелевантната констатација е дека бројот на констатираните повреди во 2002 година, е поголем во однос на констатираните повреди во 2003 година за 217 случаи, односно за 39,45% констатирани повреди. Во случајот најважно е дека бројот на повредите е во значителен пораст во 2003 во однос на 2002. Значи, тука и таа компарација паѓа во вода. Загрижува констатацијата од 550 упатени интервенции, органите постапиле само по 356, а не постапиле по 194 од упатените интервенции и фактот што не го испочитувале предлозите, сугестиите и препораките на Народниот правобранител. Најнеодговорни во овој поглед во 2003 година се клучните министерства и прво е Министерството за финансии, па Министерството за пранспорт и врски, потоа Министерството за труд и социјална политика, јавните претпријатија, следуваат Министерството за внатрешни работи и Министерството за локална самоуправа и Министерството за образование. Коментар, оние кои одлучуваат во името на законот, а не се во состојба да се соочат со своите грешки, се разбира ако сето тоа не е намерно, треба да се повикаат на одговорност, за што

свесно ги кршат правата на граѓаните, а воедно го оптоваруваат системот на натамошни постапки, бидејќи во тие случаи граѓаните своите права можат да ги остваруваат преку судовите. Во извештајот на Народниот правобранител во овој и уште во неколку дела дава оценки засновани на јавното мислење односно сондажа на јавното мислење. За да можат оценките на јавното мислење да се прифатат како релевантни, во извештајот треба да се наведат и податози за тоа кога е извршено испитувањето на јавното мислење, опфатот, принципот на изворот на примерокот, кој го извршил и кои се резултатите, за сето тоа да може да бид померодавно и да можеме да донесеме правилни и реални заклучоци кога сето тоа се случувало. Многу често кажавте дека медиумската кампања како дел и дадена е ооценка како резултат на таа медиумска кампања дека Народниот правобранител се зголемени бројот на примените претставки, но според наодите во извештајот укажува и направената сондажа на јавното мислење по нејзино завршување. Медиумската кампања е за поздравување и има секакво влијание врз зголемениот број на претставки од граѓаните. Тоа е само едниот сегмент, а како таков треба да се наведе и секогаш треба да оди со констатацијата на зачестеното кршење на правата на граѓаните, зашто таа е основа. Значи, ако ги нема кршењата на правата на граѓаните и без разлика на она што значи медиумска кампања, ние ќе имаме намалени претставнки до Народниот правобранител.

Би сакал да се задржам конкретно на определени министерства и како функционирале претставките до самиот Народен правобранител во однос на урбанизмот и градежнииштвото. Загрижува констатацијата на народниот правобранител дека постои селективен пристап во извршување на управните акти од страна на инспекциските органи, што покрај тоа што остава простор за сомневање дека постои корумпираност кај државните службеници и дали само кај нив и или од функционерите кои ги раководат тие служби и министерства, претставува кршење на општите принципи на контролата на законитост и во односите уредени со други акти. Односно контролата треба да се врши во континуитет на сите акти и врз сите субјекти. Уште повеќе загрижува фактот што во практиката и во рамките на ист акт се врши селективен пристап каде и кога ќе се постапува, што исто треба да се наведе во Извештајот, бидејќи власта, односно политичките партии на власт, државната администрација ја користат како своја продолжена рака за политичка борба, а не како независни.

Во однос на работните односи изигрувањето на прописите во оваа област треба поопширно да се елаборира, со оглед дека со тоа се рушат егзистенционалните

права на граѓаните. Власта го избра овој домен за превоспитување на граѓаните и како главна област за битка со опозицијата. Или си во власта или си дома. Ако работиш ќе бидеш прогласен за технолошки вишок или прераспореден, без никакви критериуми, а ако си невработен, немој ни да помислуваш да се вработиш, гледај го чарето во странство. Индолентниот однос кон сугестиите на Народниот правобранител не се резултат на непостоење на механизми на заштита, туку на грубо кршење на законските прописи од носителите на јавните функции, кои се недопирливи и кога не ги почитуваат мислењата на Народниот правобранител. Второстепените одлуки, па дури и судските одлуки не ги почитуваат. Она што Народниот правобранител најмалку треба во овој извештај да го направи е да ги наведе нивните имиња и функции што ги извршуваат. Оценката како што е дадена секој ја третира дека се однесува на некој друг и фактички никој не се смета за одговорен и наместо подобрување, ни се случува невидена анархија во сите сегменти. Корумпирани службеничиња кои добиле работа по врска, зголемување на армија на невработени преку каприциозно отпуштање на партиските ривали, социјалци, семејства без перспектива и за власта најважното, понизни граѓани на некои од нивните шалтери кои треба да ја научат лекцијата кој е кој. Мислам дека таа лекција е видена повеќе пати.

Најголем број на претставки, поточно како што нагласува Народниот правобранител, вкупно 406 претставки и зголемување во 2003 година, дури за 36,21% во однос на претходната 2002 година кога имало 259 претставки. Отпуштања во Електростопанство на Македонија со низа констатирани пропусти од Народниот правобранител и истовремено неосновано вработување на нови 9% во однос на бројот на отпуштените. Соработката на Управниот одбор со народниот правобранител изостанува. Во образованието ја видовме сечата на директорите што значеше чиста политичка чистка

Одредбите за трансформација на работен однос на определено на неопределено време со услови утврдени со Закон не се испочитувани и пролонгирани засегнатите на суд. Комисијата на Владата функционира несоодветно и неажурно, а се јавија и нови форми на повреди, вршење на работни задачи во домашни услови на кои што беше промотор МРТВ, прашањето со лавовите, кое што многу често тука го спомнувавме остана одложено и незавршено. Народниот правобранител не најде на соработка со надлежните.

Јас би сакал посебно да се задржам токму на овие судски одлуки и претставки кои што доаѓаат до господинот Народен правобранител токму од

вработените од Електростопанство на Македонија. За среќа многу од нив добија и судски решенија, но сега се врши оној последен притисок до апелационите судови, едноставно да не ги добијат, вие кажавте пред некој ден, да не ги коментираме судските одлуки. Јас се сложувам апсолутно со тоа, но стојам на она што го кажав уште во времето пред да се отпуштаат луѓето затоа што апсолутно не постоеше никаква причина тие луѓе да бидат избркани од Електростопанство на Македонија. Тоа го кажав и со една друга ситуација, 1993 година, кога беа избркани голем број на работници после штрајкот во РЕК "Битола" и тие истите се вратија со одлука од судот и беше до Народниот правобранител 1997 и 1998 година. 1999 година се вратија на работа и од тие избркани во тие 6 години и повеќе од милион евра се платија само за обештетување за работниците кои беа неправилно избркани.

Сега се работи за една голема бројка од 1.000 луѓе. Јас мислам дека кај сите нив она што значеше и она што требаше Електростопанство да го прикажи како трансформација и како промени во самиот комбинат, тоа дојде после една година, на закон пред нас пратениците кој што ние го гледавме и тоа беше почетната фаза за која што можевме да разговараме за намалување на бројот на вработените. Но за жал прво беа избркани вработените, после дојде се она друго.

Друго што би сакал да кажам во оваа област е исто со принципот и барањето на лавовите во неколку ситуации. И од мојата канцеларија имаше повеќе луѓе кои што ги проследија тие документи до Народниот правобранител, каде што стварно имаше бранители кои беа повредени на нивна одговорност, откажани од работа, сега во случајот останаа, што викаме, ни на земја, ни на небо, останаа без работа, останаа без апсолутно ништо, а го вложија својот живот во одбрана на Република Македонија. Милсма дека тука требаше да се постапи многу похумано, можеше и мораше да се најде решение. Кој избега од сето ова мислам дека сегшниот премиер можеби повеќе ќе може да му објасни на тие луѓе.

Во однос на станбените односи. Дали нема место во Извештајот да се споменат проблемите со социјалните станови кои толку многу ја брануваа јавноста во оваа година кога се поднесува извештајот. Значи во 2003 година еве неправилностите и повредите на правата на граѓаните во сите сегменти, Министерството за транспорт и врски, за кој и самиот министер изјави дека е дувло на корупција, но не како резултат на владеењето на претходната влсст, туку за цело време после овластувањето каде неговиот коалиционен партнер има многу повеќе стаж од претходната власт, ама е највисоко рангирано во непочитувањето на дадените мислења, препораки, сугесии или мислења од Народниот правобранител,

па така од 46 дадени препораки, инструкции, постапило само во 18 случаи, а не постапило дури во 25 случаи или 62,22% од случаите.

Мерките и активностите предложени од Народниот правобранител сосема на место, дали Министерството ќе го промени својот индолентен однос и ќе гради, а не само да руши и ќе го елиминира дувлото на корупцијата или има потреба од поставување на свои лица на важните места во Министерството. Мислам дека многу скоро ќе добиеме и тука комплетно известување.

Што се однесува на образованието. И во оваа област непочитување на препораките на Народниот правобранител, неправилна уписна политика, загрозување на статнардот на студентите, посочени сите носители инволвирани за случувањата на обопштено, недостасува посочување на имињата барем за најфлагрантните случаи. Јас би му помогнал тука на господинот Народен правобранител и како директен и најголем одговорен за сите овие случувања би го посочил министерот Азис Положани на кој што директно еве само за паралелката средношколска во Битола имаше повеќе од 13 ситуации, преска некој од пратениците се смееа кога колегата Стојановски кажуваше за Уставот на Република Македонија. Токму сите тие уставни и законски одредби ги крши и тоа законски е така, но господинот министер не најде за згодно да поднесе оставка. Во Европа и сегде во светот барем после кршење на една таква постапка личнате негова одговорност како министер мислам дека требаше да дојде до израз и тоа да го заврши.

Понатаму, се случуваа оние сите работи за Универзитетот во Тетово, па студентскиот стандард, зголемените цени во студентските домови каде што се постапуваше, точно надвор од сите законски моменти, а зошто се постапуваше така, господинот Народен правобранител ги поби сите тие наводи дека треба да се покачи и кирија и она што значеше намалување на стипендиите на студентите, но за жал, еве власта можеби така се грижи за нашите студенти, за зголемување на она што значеше нивни стандард.

Јас би имал уште многу работи да кажам, но мислам дека и вие господине претседателе, кажувате дека имам уште 2-3 минути.

Би сакал да кажам неколку работи во однос на заштитата на правата на потрошувачите. Тука би ја спомнал Електростопанство на Македонија и неколкуте ситуации во кој што се исклучувале цели реони, цели подрачја. Мислам дека се работи за едно граѓанско општество, каде што треба да ги задржиме правата на сите граѓани. И тоа значи и оној што платил струја и оној што не платил струја се носи во

истата ситуација. Така да тука ќе треба да се разгледат овие работи, по однос на последните случувања со Телекомуникации, покачувањата, исто дека Народниот правобранител треба да интервенира, но во секој случај би сакал да кажам уште една работа, пред нас имавме и закажано за парламентарна седница предлог да се отворат мислам дека беа шест канцеларии на Народниот правобранител низ Република Македонија со предлог на листа на луѓето кои што требаше да работат. За жал тоа не се стори, мислам дека и за Народниот правобранител и воопшто за демократијата во Република Македонија тоа ќе биде од голема помош да се отворат овие канцеларии што побргу за да можеме и граѓаните да ги упатуваме да бидат во непосреден контакт, сепак еден човек или канцеларија во Скопје има доста проблеми за да можат граѓаните директно да комуницираат со господинот Народен правобранител.

Јас, еве, претседателе се обидов да се задржам директно на извештајот кој што ни беше доставен, овие се забелешки, ова е наше видување за одредени ситуации, мислам дека ова ќе го слушне и власта, ќе го слушнат министерствата дека институцијата Народен правобранител е таква каква што е замислена, треба да помогни за сите граѓани, без разлика дали се позиција, или опозиција и да овозможи барем информациите што треба да доаѓаат од Владата, барем дел од нив да бидат спроведени на тој начин, граѓаните да се почуствуваат заштитени. Затоа што организираниот криминал, корупцијата и сите останати активности во една држава доаѓаат токму од власта. Така да власта ако се штити самата себеси, тогаш ќе имаме проблеми. Затоа правата на Народниот правобранител треба да ги подигнеме уште повисоко и да ги добиваме сите информации од власт.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Мавровски. Точно е 17,00 часот, тука ќе ја прекинеме седницата. Сакам да ве информирам дека продолжениет е во петок на оваа седница во 10,00 часот, ако ја завршиме во петок седницата, бидејќи ни остана оваа точка и другите две точки во врска со штедачите, ќе продолжиме со 50-та седница - Информација за состојбите во Агроиндустрискиот комплекс во делот на индивидуално земјоделско производсртво.

Ќе ја завршиме оваа седница, ќе продолжиме со оваа информација, ако ја завршиме и таа и 53-та Предлог за донесување на закон за надворешни работи со Предлог на закон. Значи тоа ќе биде на дневен ред во петок. Бидејќи тука има прес и

на Влада, а Владата може да ме чуе, ако ме слуша, сеуште немаме добиено мислење по повод овие двата закони за изменување на Законот за регулирање на побарувањата на штедачите, пропаднати штедилници. Затоа очекувам до петок Владата да го достави мислењето.

Седницата ќе продолжи во петок со почеток во 10,00 часот.

(седницата прекина во 17,00 часот).